**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Дваесеттото продолжението на Педесеттата седица на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 март 2004 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Лилјана Поповска потпретседател на Собранието на Република Македонија .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со работа по Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Трифун Костовски, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Љубен Бошковски, Ганка Самоиловска - Цветанова, Сашко Кедев, Али Ахмети, Јорданчо Тасев, Љубисав Иваонв - Ѕинго и Талат Џафери ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по 30-тата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за отпад со Предлог на закон.

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за отпад.

Пред да преминеме на гласање ги молам пратениците да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 61 за, и еден воздржан.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, и сите гласале за.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот, по кој Владата на се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на предлогот на законот, поднесен од ЗПК.

Го молам пертставникот на Владата да се произнесе.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Амандманот станува составен дел на текстот на законот, имено се менува насловот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на  Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 52 за, и еден воздржан.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за отпад.

**Преминуваме на 31 точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности, со предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието , ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам кој бара збор?

Има збор г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам.

Јас би сакал да кажам неколку збора, заправо да го искажам своето мислење во врска со овој закон.

Според Законот за локална самоуправа општините самостојно ги уредуваат и ги вршат комуналните дејности, имено собирање, транспортирање и постапување со комунален цврст и технолошки отпад.

Според постојните закони, постојните јавни претпријатија ја имаат таа привилегија, или монополска положба да имаат влијание на тоа дали и како ќе се основаат нови ЈП во општините во кои тие ја вршат својата дејност.

Еден од примерите што сакам да го наведам е тоа што се работи за скопските општини, бидејќи град Скопје е како посебна општина и е специфичен случај во Република Македонија . Скопските општини кои се во составот на Град Скопје, на својата територија имаат и населени места т.е. села кои се надвор од генералниот урбанистички план. Тие села се наброени, за секоја општина, во Законот за Градот Скопје. Значи, според Законот за Градот Скопје во чиј составен дел се и општините, овие села се составен дел на тие општини а соодветно на тоа и на Градот Скопје. Од друга страна, ако го погледнеме Генералниот урбанистички план за Градот Скопје, ќе видиме дека овие села не се опфатени со овој ГУП. Јас ќе ги набројам тие села во општина Гази Баба. Тоа се Трубарево, Скопско Поле, Јурумјари, Колонија Идризово, на потегот спрема Петровец, а на потегот спрема Сингелич тоа се Стајковци, Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани и Раштак.

Зошто го говорам ова, оваа неусогласеност на ГУП со Законот за Градот Скопје. Причината е следна:

Јавното комунално претпријатие "Комунална хигиена" која ја врши дејноста на целата територија на Градот Скопје и со која управува Градот Скопје, собирањето на отпад, чистењето на улици и се она што е во нејзина дејсност, го врши само во рамките на ГУП, во кој, пак ќе споменам, не влегуваат и овие села кои јас ги набројав. Ист е случајот и со селата во општина Чаир, во општина Ѓорче Петров, општина Каропш, општина Кисела Вода. Значи во сите скопски општини.

Граѓаните од овие села на овој начин се ставени во групата на граѓани од втор ред. Имено, иако тие се во рамките на Градот Скопје, Градот Скопје функционира со посебен градоначалник скоро 8 години и тие плаќаат за градоначалникот на Градот Скопје, сепак овие комунални услуги за нив се недостапни. Затоа сметам дека треба да се направи напор да може и овие населени места да си ги подобрат условите за

живеење. Само треба да се помине низ овие населени места кои се само десетина км. од строгиот центар на градот, ќе се види која е разликата помеѓу урбаниот дел на градот каде што важи ГУП и овие населени места. Разликата е огромна, а последиците од аспект на екологија, несакам да ги дискутирам, тоа е многу актуелна тема и на сите ни е многу позната.

Исто така сакам да напоменам дека жителите на овие населени места ги плаќаат сите обврски спрема државата. Значи тоа се лојални граѓани на оваа држава, а од друга страна Градот Скопје воопшто не мисли за нив. Сакам да кажам, согласно постојниот Закон , член 16 вели “до колку на нивно подрачје не постои друго ЈП за вршење на истата дејност”. Имено, општина Гази Баба и општина Чаир сакаат да формираат комунално претпријатие кое ќе ги врши овие дејности во тие населени места каде што ЈП Комунална хигиена не сака, или неможе, или пак не и е во дејноста, можеби така смета, за вршење на овие дејности.

За да се надмине овој проблем, бидејќи сепак граѓаните сметаат дека секој ден овој проблем е се поголем, општината на менсите заедници им дава дозвола со која тие, согласно на таа дозвола може да ангажираат други ЈП. Состојбата е малку парадоксална, меѓутоа тоа е тоа, тоа е нашиот случај со нашето законодавство. Таков е случајот на пример со с. Јурумјари каде месната заедница врз основа на согласноста на општина Гази Баба го ангажира ЈКП “Илинден” од општина Илинден и успешно ја извршува оваа дејност. Меѓутоа, ќе напоменам, ова сепак треба да го врши ЈКП на Град Скопје.

Со измените на член 16, значи во член 16 со бришење на таа одредба - До колку на нивно подрачје не постои друго јавно претпријатие за вршење на истата комунална дејност, на овие општини им се овозможува да основаат ЈКП за вршење на дејноста во оној дел во кој ЈКП на Градот Скопје не ја обавува таа дејност. Сметам дека тоа е добро и затоа јас ќе го поддржам законот во овој дел , меѓутоа моето искажување го кажав, бидејќи досега јас незнам зошто ова не се вршеше во тие населени места и затоа состојбата, од аспект на комунална хигиена е таква каква што е, мислам дека е на многу ниско и незадоволително ниво. Затоа, после донесувањето на овој закон на општините ќе им се даде можност да основаат свои јавни претпријатија и да може да ја вршат дејноста и во овие населени места.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Има збор г. Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Г-ѓа потпретседател, колеги пратеници,

Денес расправаме по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности, со Предлог на закон, во скратена постапка. Одиме со еден исчекор напред, со тоа што, иако знаеме дека Зконот е донесен во 1997 година, измените и дополнувањата беа 1999 година, каде што се утврдени правилата на однесување по пат на основање на јавни претпријатија, давање дозвола на правни и физички лица, регистрирани за вршење дејност и концесии.

Јас го поддржувам законот, но останува тука една недореченост во самиот закон. Имено, иако одиме на тоа да вршиме децентрализација, со тоа што на општините и даваме поголеми права во таа дејност да основаат ЈП од јавен интерес во делот што значи транспорт на комунален отпад и негово депонирање и таму може да се јави субјективност во делот на тоа што знаејќи во какви услови живееме и може да ни се случи во некои општини нефункционира, со тоа што, ценејќи какво ќе биде расположението на локалната самоуправа и кои политички структури ќе бидат на власт, како што реков може да ни се случи концесијата да ја дадеме на физички лица со што би дошло до дуализам. Законот оди чекор напред затоа што порано ние многу дискутиравме на оваа тема, дали моеже една локална самоуправа регионално да работи и тогаш кажавме може да се случи ако им дадеме на локалната самоуправа тотално да ги организира тие работи , тогаш рековме дека ќе се направат некои недобри работи и со тоа би дошло до кантонизација. Еве доаѓа времето каде одиме многу полиберално и даваме собранијата и локалната самоуправа да се организираат и да ги ценат условите како можат поефикасно и покрактично да стопанисуваат.

Мојата забелешка би била во делот на тоа да не се оди субјективно. Незнам , тука е законодавецот, како ние тоа би го издвоиле, да не ни се случи да ги блокираме општинските собранија, по претпоставка да имаме градоначалник од една политичка партија, Советот на Собранието од друга, па иако имаме ЈКП да го блокираме и да неможе да функционира, за да го дадеме тоа на ново претпријатие и на тој начин да се финансира некое физичко лице или ново правно лице. Да не дојде до дуализам, и да не се доведеме во ситуација да не ни функционираат советите на собранијата .

Друга заблешка ми е во однос на тоа што се случуваше деновиве во општина Свети Николе. Ова е невидена работа. Се рушеа постоечки објекти без никакво

предупредување. Срушени се 50 објекти, знаејќи во каква ситуација ни се наоѓа стопанството. Имено знаеме дека имаме во државата скоро 400 илјади невработени, таму стопанисуваа некаде 100-тина луѓе и ги оставивме надвор. Само да дојдете во Свети Николе ќе видите една многу лоша ситуација. Уништени се велелпни објекти во која егзистенцијата ја гледаа некаде 100-тина луѓе. Ова е невидена работа. Ако цениме дека правиме нов исчекор со тоа што им даваме поголеми ингеренции на локалната самоуправа, незнам. Која беше причината да се казнат таму 100-тина граѓани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Даневски дали е во директна врска со Законот?

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Да, ова е во врска со локалите што ги уништија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Меѓутоа не е во врска со текстот на законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Да, ама има врска со стопанисувањето и живеењето на граѓаните таму. Би било добро да се руши во Скопје во Тетово, не да се руши во Свети Николе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам насочете се на текстот на Законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Направена е материјална штета од неколку милиони евра. Катастрофа. Уништени се 50 објекти и целиот град е срушен. Уништени се други 150 објекти. Ако помините таму ќе помислите дека земјотрес имало во општина Свети Николе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега ве молам да зборувате за текстот на законот. Ова не е во текстот на законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ова е прилика да кажам. Инаку како јас би кажал како пратеник .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има пратенички прашања на крајот на месецот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не, пратеничките прашања ги одложивме, нема ни да дојдат сега.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Или можете информација да побарате  и за тоа да се разговара.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Добро, ќе побарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме понатаму.

За збор е јавен г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Би сакал да кажам неколку збора, бидејќи и овој закон за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности е дел од законот што пред малку го изгласавме. Тоа е Предлог закон за изменување и дополнување на законот за отпад, со Предлог на закон. Кажавме, и двата закони се носат за регулирање на правната процедура за формирање на локалната депонија во југозападна Македонија.

Би сакал да проговорам за она што значи овој закон и формирање на меѓуопштински претпријатија што со овој закон се дозволува да се формираат и мислам начинот на кој ќе се формира оваа депонија во југозападна Македонија, доведува до еден проблем. Проблемот е од практична природа и ова што го говореше г. Даневски. Се работи за претпријатие кое треба да го формираат 35 општини. Во моментот знаеме се работи на новиот закон за територијална поделба и сегашните 35 општини незнам колку општини понатаму ќе егзистираат на тоа подрачје. Тоа е првата работа. Во секој случај, едно меѓуопштинско претпријатие каде ќе треба да се најде заеништвпо меѓу 35 општини, претпоставувам дека ќе донесе многу непознаници, претпоставувам дека ќе имаме многу проблеми во однос на раководењето и во однос на она што ќе значат конкретни решенија за оваа депонија. Депонијата како таква можеби е добро решение, но сепак учеството и уделот на државата во формирањето, или пак негирање на инвестиционен фактор

што понатаму би работел на самата депонија и би ги правел профитите, во овој случај не е промовиран. Така што останува се врз грбот на граѓаните и покрај тоа што некој од колегите се убедуваа и сакаа да ја убедат македонската јавност дека тоа не се состои во зголемување на комуналните трошоци што треба да ги плаќаат граѓаните во постоечките комунални претпријатија што ги имаат општините. За жал во многу од овие општини не постојат ни вакви комунални претпријатија каде тоа ќе претставува еден додатен проблем за луѓето и овие претпријатија што сега функционираат, да направат меѓусебни договори , на кој начин сето тоа би го разрешиле.

Инаку, со тој закон за формирање на оваа депонија граѓаните би дошле во ситуација да плаќаат повеќе, оние што се во урбаните средини за 150 денари, додека во руралните средини отприлика 100 денари месечно. Значи, тие луѓе во наредните 3-4 години, до почетокот на изградбата, а до функционирањето ќе видиме колку ќе помине и треба да плаќаат за нешто што апсолутно нема да придонесе за ова што значи поквалитетно работење и за она што значи подобрување на комуналните услуги за граѓаните. Во основа секој граѓанин ги плаќа своите пари за да добие поквалитетна услуга. Во однос на ова нема апсолутно никакво решение во сегашните општински комунални претпријатија, кои и понатаму ќе ги земаат овие средства, со тоа што ќе бидат потребни дополнителни средства од граѓаните, и тоа како што кажаа до крајот на 2004 година, знажи до крајот на оваа година отприлика 100 илјади евра и уште 1.100.000 евра до крајот на 2006 година кои ќе бидат само за проект. На почетокот на 2007 година ќе започне изградбата на оваа депонија, а кога ќе биде завршена и што ќе значи таа кога во меѓувреме остануваат оние трансферни депонии, а депонии не постојат. Постојат ѓубришта и сите градови се претворени во едни големи ѓубришта и тука апсолутно општинските јавни претпријатија во моментот не ја вршат својата работа. Кога на граѓаните ќе им додадете дополнителни такси за да може да се направат вакви депонии, во југозападниот дел на Македонија да се направи оваа централна депонија, мислам дека и во останатиот дел на Република Македонија, а претпоставувам покрај Дризла ќе бидат уште една, две или најмногу три такви депонии. Ове повторно ќе се работи за големи системи, големи претпријатија кои во својот состав ќе имааат по 30 или повеќе општини, а во случајот може и да се намалат на 15-20 општини во зависност од законот што ќе биде донесен за територијална поделба и мислам дека многу тешко, како што кажа и претходниот дискутант, во однос на она што значи политичко владеење во тие општини и разликата во нивното размислување, може да се јават нови проблеми.

Проблемите ќе бидат на штета на граѓаните, како што е на штета на граѓаните и дополнителните износи да ги исплаќаат и со тоа ние ветуваме дека ќе направиме нешто подобро и ветуваме дека ќе имаат подобри услуги, но апсолутно не гледам ништо што би измениле нешто во однос на она што знажи нормално живеење на граѓаните кои треба да ги плаќаат тие средства во градовите, затоа што и сега имаат јавни претпријатија, оние што се општински претпријатија, во кои сега ги инвестираат своите средства, но и понатаму ќе останат. А ова претпријатие е предвидено да работи понатаму, 2/3 да биде сопственост на општините, а 1/3 да биде приватно. Значи, би било многу добро доколку се најде приватна инвестиција, а не врз основа на овој кредит со кој ќе се задолжат сите граѓани во Републиката да го исплаќаат и откако ќе биде исплатен, да има можност тие средства едноставно после тоа да ги реализира и остварува како профит. Мислам дека тука треба да се размисли, затоа што ние нудиме нешто што не е започнато и овие два закони ги донесуваме токму поради тоа, затоа што во сите одлуки на општините се повикуваме на овие два закони кои денес ги донесуваме, а општините веќе ги донесоа врз основа на ова што треба ние денес да го донесеме. Направени се правни прекршоци, но во секој случај треба да се размисли дали ќе можат ваквите претпријатија, во овој случај со 35 општини да функционираат. Според мене, тоа е многу блиску и во овие јавни претпријатија кои сега ги формира државата, затоа што со уште 2 или 3, во цела Македонија би биле 4 такви претприајтија и затоа треба да се размисли малку подобро и кој е начинот на кој ќе можат овие јавни претпријатија да се формираат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Би сакал господинот Мавровски да го запрашам дали ние имаме намера да делуваме во насока на здрава животна средина, дали имаме намера да делува во однос на либерализација на обавувањето на севкупните комунални дејности - зборувам не само со управување на отпадот и другите области, отпадните води, водоснабдувањето итн. Господинот Мавровски го спомна примерот на управувањето со отпадот и оваа депонија која е планирана во западниот дел на Македонија и дали имаме намера да делуваме во насока на зголемување на вработувањето. Со сите аргументи кои господинот Мавровски ги аплицираше тука, на некој начин се политизира целата ситуација.

Дали финансирањето ќе биде преку Буџетот на државата, дали ќе биде преку Буџетот на локалната самоуправа или издвојување од страна на граѓаните преку цената на услугата, тоа е една иста работа. Согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската унија, овој дел мора да го направиме во наредниот период, доколку сакаме реално да бидеме дел од Европа. Овие норми мора да ги почитуваме и во наредниот период мора да ги изградиме вaквите депонии, што е во интерес на здравата животна средина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За контра реплика се јави господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Прво, мислам дека еколошката средина треба да биде цел на сите нас и во моментот затоа говорам за тие ѓубришта, за кои и господинот Тромбев многу добро е запознат и за кои се води битка повеќе од 15-20 години, но за кои ништо не е направено. А Јавното претпријатие во Битола ги зема парите. Што работи тоа, најдобро ќе кажат граѓаните и ова што многу брзо ќе го кажат. Ако за господинот Тромбев е сеисто дали граѓаните во Битола ќе плаќаат 300 денари плус за ова од што сега апсолутно ништо не добиваат и уште колку време нема да добиваат, мислам дека е грешка затоа што не е сеедно дали тоа е од Буџетот на државата, од Буџетот на општините, кои и така немаат средства самите да опстојуваат, ова е додатен трошок само за граѓаните.

Во однос на вработувањето, колку што разбрав и колку што го видов проектот вработувања не гледам, затоа што овие претпријатија што сега функционираат само ќе се трансформираат.

И во однос на либерализацијата, токму на тоа упатив, како можеме да најдеме странски инвеститор кој ќе раководи со сите овие работи и кој ќе може да ги заштити, а понатаму да прави профит.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Борче Петковски.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Не е прв пат да слушаме контрадикторни работи од страна на ВМРО-ДПМНЕ, кога беа на власт кога велеа дека овој проект е одличен дека ѓубришта

повеќе не треба да има, туку мора да имаме одредени санитарни депонии. Сега поивторно слушаме продавање ветер и магла од колегата Спиро Мавровски.

Едно е повеќе од сигурно дека навистина ѓубришта не смееме да дозволиме понатаму да имаме покрај патиштата и на разно разни објекти, каде што ќе стигнат граѓаните да го фрлаат сметот. Што се однесува до функционирањето на Комуналното претпријатие во Битола, господине Мавровски вие сте сведок дека Комуналното претпријатие повеќе не се занимава со она што се занимаваше додека вие бевте на власт, кога вашите директори проневерија три милиони евра и сето тоа беше на уштрб на граѓаните. Сега и таа депонија која наводно пречеше на вработените во РЕК, сигурен сум дека така беше бидејќи ништо не работевте, само крадевте. Сега депонијата вопошто не им пречи, се уредува онака како што треба и во иднина Комуналното претпријатие нема да троши пари за одржување на таа депонија, туку како сите останати јавни комунални претпријатија ќе плаќа за одлагање на сметот во регионалната депонија која ќе биде формирана.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Процедурално има збор пратеничката Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Госпоѓо потпретседател, можеби вие не слушнавте, меѓутоа колегата употребуваше термини кои не доликуваат на собраниска седница, “крадевте” итн, но нели рековме дека дигнитетот на Собранието не треба да биде нарушен. А некој дали крадел и не крадел, постојат органи кои тоа треба да го докажат.

Во иднина, ве молам внимавајте на тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Лично не го слушнав тој збор, кој не би требало да го употребуваме едни за други.

Една минута контра реплика за господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

И минатиот пат се обиде господинот Петковски, но јас бев многу коректен. Сега ќе морам да му кажам дека ова Комунално претпријатие што сега работи како што кажува тој како што треба и дека нема крадење, работниците веќе 8 месеци или

9 месеци немаат земено плата, од толку што работат културно и паметно. Во моментот се земени толку возила кои се направени до изборите да се плаќаат по една цена, а по локалните избори три пати повеќе да се плаќаат тие возила. Зошто, ќе ми одговори господинот Петковски.

Исто така, депонијата во РЕК Битола мислам дека апсолутно ја нема видено, за жал, и нема почувствувано што значи кога сабајлето работниците од трета смена доаѓаат, а целиот рудник е полн со чадот од таа депонија која е наместена токму тука и која треба да се затвори. А кој крадел во депонијата и како крадел, ќе може многу убаво тој да види и доста со ветер и магла. Ветер и магла слушам 18 месеци, вака ќе било, така ќе било, а не гледам никаква акција. Тоа е многу важно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Само кратко би сакал да кажам дека овде не е местото да се изнесуваат некои податоци за општинските јавни претпријатија. Но податокот што го изнесовте, господине Мавровски, за земањето плата е илјада проценти погрешен.

Второ, зборувате за јавните општински претпријатија, но недоволно ја познавате таа проблематика. Како пример ќе ви кажам дека вие сами потврдивте дека таа депонија која што е моментално во ред не е за употреба и не треба да се користи. Таа иницијатива е покрената уште 1989 година, но од друга страна велите дека не треба да има нова меѓу општинска депонија. Напротив. Со оглед на тоа што ниедна општина од овие што се посочени не може сама да изгради депонија, се потврдува фактот дека е потребно формирање на меѓуопштинско јавно претпријатие и за тоа да се дадат можности во законот, кое претпријатие ќе ги задоволува интересите на повеќе општини.

Следната работа која мислам дека треба да се каже, но некако ја заобиколувате е следната. Само потсетете се дека после локалните избори во Битола, јас бев еден од директорите на јавните претпријатија во Битола и лично од раководниот тим на РЕК Битола, а вие бевте еден од првите двајца или тројца раководители, му беше забрането на Јавното претпријатие Комуналец од Битола да го одлага отпадот во таа депонија. Тоа го направивте, и тоа го знаат сите граѓани на Битола. Сега сметам дека сте контрадикторен со тоа што не дозволувате или не

знам од кои причини сакате сега да внесете некое недоразбирање во јавноста. Напротив, на Битола и на сите општини им е потребна нова современа депонија која Битола сама не може да ја изгради, но можат сите општини со заеднички напори таа депонија да ја направат. Ако сакате, имам и други аргументи, но ве молам немојте да изнесувате податоци кои не се точни, посебно тоа дека 8 месеци не зеле плата. Еве, за тоа јавно ве повикувам, ако е тоа така докажете го и подготвен сум пред цела македонска јавност да ви се извинам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господини Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислам дека само го потврди господинот Мавровски она што го говорев. Таа депонија воопшто не функционира и ако ЈП Комуналец во Битола ја врши работата така како што ја врши, еве, можеби не се 8 плати, туку три плати или лични доходи, а уште колку сега комуналии ќе треба да ги плати, кој не ги плаќал, а секој ден се зголемуваат каматите. Господинот Најдовски навистина работеше во една јавно претпријатие во Битола, но сега треба да ги следи и мислам дека ги следи и последните работи. Знае колку тие камати се зголемуваат од ден на ден, така што работниците не само осум плати, туку и наредната година нема да земаат плата, со тоа што сега е земено и ова што се сака како дополнително да се каже дека само граѓаните ќе ги плаќаат тие сметки, а тоа е изнесено јавно и во проектот. Сега не знам кој сака да не увери во нешто што не е така. Што добиваат граѓаните, плус од она што сега ќе го нудат. Дали тоа ќе биде трансфер депонија која и понатаму ќе постои, ѓубрето повторно ќе се собира во Битола, а оттаму ќе оди во оваа локална депонија што треба да се гради. Да не правиме забуна.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави заменикот министер Драгољуб Матовски.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Самата работа што се отвори само ја потврдува потребата од донесувањето на законот. Но чувствувам потреба да одговорам на одредени прашања кои беа поставени. Пред се, ќе се задржам на прашањето на господинот Даневски, со право искажано, дали донесувањето на една ваква полиберална

одлука за функционирање на општините во комуналната сфера би донело опструкција на работите на собранијата кои би биле, наводно, дел на опозицијата во наредниот период. Мислам дека за сите други прашања може да има коментари по едно вакво однесување, но во делот на екологијата и заштитата на средината каде сите живееме, ова прашање сигурно нема да се случи. Тоа го гарантирам и со еден најнов пример можам само да го потврдам, бидејќи најголемиот дел од инвестициит во 2004 година околу разрешување на проблемите за депонирање на Министерството за животна средина и просторно планирање ќе бидат насочени кон времената депонија во Долна Бањица, каде по иницијатива на три општини Тетово, Гостивар и Долна Бањица, согласно проблемите кои сега ги имаат на тој простор а неопфатени со овој проект, ние се одлучивме во Министерството да ја поддржиме иницијативата и буквално грото од инвестицијата да ја финансира Министерството за депонијата во Долна Бањица, и покрај тоа што таму градоначалниците се од опозиција, од ДПА. Но тоа е потреба буквално за сите граѓани во просторот и затоа овој проблем на овој начин се разрешува, а верувам дека било кој да е на власт исто ќе постапи во наредниот период.

Она што се однесува до потребата и сегашниот простор околу поделбите, во најмала рака не би требало да е пресуден затоа што територијалните поделби можат да имаат секакви модификации, но стратегијата за отпад во Македонија е единствена и таа треба да се почитува и ќе се почитува, бидејќи треба да има шест централни депонии кои утре ќе бидат интересни за идните донатори кои би сакале да ги откупат, бидејќи во депониите концентрирано е нешто со голема концентрација, се јавува можност за голем профит од создавање нови материи кои утре ќе бидат далеку продуктивни во градежништво и во други области.

Според тоа, ова е само предуслов и за онаа работа што треба да се привлечат инвеститорите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Би било се во ред, кога би било така господине заменик министер. Ние политиката секаде ја внесовме, дури и внатре во фамилиите, ги поделивме и браќа и сестри, и татковци и мајки. Сакам нешто друго да ви кажам. Јас во два мандата сум бил претседател на Собрание 90-тите години и уште тогаш кога зборувавме дека со правење на регионални депонии, тогаш имаше една голема опструкција спрема

мене и ме направија дека  многу лошо ги гледам работите. Кога реков дека Тетово ќе има во Долна Бањица депонија, тогаш се зговараше дека ќе се врши кантонизација на Република Македонија. И тогаш моит укажувања беа дека еден ден ќе дојде до тоа и ќе се направи депонија. Тогаш зборувавме дека ќе има 6 депонии во Република Македонија, заради економски и вакви и такви услови, заради окрупнување на механизација, транспорт и многу работи. Моето укажување беше, не сте ја разбрале мојата поента, таму е дадено дека собранијата можат мимо тоа што имаат закон за основање на јавни претпријатија, законот е либерален и дава право да се основаат и други претпријатија на физички лица, или физички или правни лица, што значи во еден град може да имаме три јавни претпријатија, почнувајќи она што го формира општината  и плус уште три или пет, зависи од градот. Дали ме разбравте што ми е поентата. Да не направиме, да не дадеме простор за шпекулации, за злоупотреби, тука беше мојата поента. Да не се случи, ако јас одлучувам како градоначалник да не му дадам на ова претпријатие, заради интерес личен или незнам каков, да не му дадам на физичко лице да го собира сметот. Знаеме дека тоа е општиот тренд во светот. Знаеме дека во многу поразвиени земји голема битка се води кој ќе стопанисува со светот. Не е тоа смешно кој ќе стопанисува. Најголемите пари, донации во светот се парите кај оној што ќе го контролира ѓубриштето. Се собираат огромни средства за чистењето, почнувајќи од огромни градови, како што е Њујорк, Париз, Лондон, огромни средства се издвојуваат. Во тој контекс беше. Дали ме разбравте. Затоа е дадена една либерација да не дојде до можност за злоупотреба. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Одговор на репликата?

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Во ред, го респектирам мислењето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусии.

За дискусија  се јави господинот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван заменик министер,

Ќе бидам сосема краток по предложениот закон. Инаку ќе кажам дека веднаш ќе го поддржам законот, меѓутоа имам резерва на она што се нуди во основнот член, заради кој се донесува законот. Нормално законот се усогласува со Законот за локална самоуправа што може да направиме, за да може Законот за локална

самоуправа да се имплементира. Ќе почне со едно консултативно решение во однос на складирањето на отпадот кое е изнесено од тука, ќе го поддржам, а тоа е дека на општините ќе мора да и се овозможи заедничка соработка, бидејќи во таа регионална соработка на општините се направени проекти за 6 регионални депонии. Мислам дека и тоа е стратегија на Министерството за екологија. Меѓутоа, со понуденото решение во членот 2, уште веднаш се гледа дека Министерството за екологија на некој начин како да се става на страна за овој амбициозен проект за изградба на шесте регионални депонии во Република Македонија и тоа се префрла општините сами да го решаваат.

Јас само ќе кажам два-три збора за регионалната депонија која треба да се гради меѓу општините Куманово, Крива Паланка и Кратово. Доколку ова законско решение веднаш профункционира, со оглед на тоа дека немаме искуство како финансиски ќе функционираат и општините, знаејќи го еколошкиот потенцијал на Кратово и Крива Паланка, мислам дека во наредните десет години во оваа регионална депонија нема да се изгради и дека тие општини ќе имаат страв да се зафатат и со соодветни кредити, бидејќи ќе немат економска кондиција да можат да ги враќаат кредитите.

Затоа мислам дека е упатно, додека да се заокружи шемата на овие 6 регионални депонии, државата да не се става на страна, односно Министерството за екологија да не се става на страна во финансиска смисла, додека тој проект не се заокружи. Меѓутоа, сметам дека овој проект сосема е многу амбициозен и од економска и од еколошка смисла, бидејќи тој понатаму врши перспектира со рециклирање. Од отпадите ќе нуди и енергетски потенцијали и секакви други потенцијали кои ќе можат да ја исплатуваат оваа инвестиција.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Збор има господинот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитуван заменик министер, драги колеги,

Јас нема да ја политизирам цела оваа ситуација и ќе се потрудам малку накратко само да го објаснам ставот и мојот став и ставот на Пратеничката група на СДСМ.

Имено, законот за комунални дејности донесен е 1997 година и тоа беше потреба во тој момент да се унифицира обаввувањето на комуналните дејности, бидејќи дотогаш немаше таков закон. Обавувањето на овие комунални дејности ја вршеше секоја локална самоуправа на свој начин, со посебни одлуки. Тој закон

досега ја обави својата функција, еве денес имаме седница на која што даваме одредени измени на овој закон, во согласност со Законот за локална самоуправа, бидејќи изворните надлежности во комуналната сфера се надлежности на локалната самоуправа, согласно Законот за локална самоуправа.

Овој закон како што рече еден претходен колега не е дел од законот за отпад, бидејќи ова е на повисоко ниво, закон зо кој што се регулира обавувањето на севкупните комунални дејности, а управувањето со отпадот е само еден дел од овој закон. Значи, Законот за отпад се јавува како лекс специјалис во однос на овој закон. Бидејќи некни беше кажано дека во однос на коегзистентноста на овој закон со другите законски решенија, морам да кажам дека, како што знаат и другите колеги пратеници веќе во парламентарна процедура пет закони од животната средина, каде што еден од тие закони е законот за управување со отпад. Тој е на 53-тата седница и за жал досега не стигнавме да го гледаме, каде што се усвоени директивите на Европската Унија и тој ќе биде нов начин на делување во оваа сфера, во согласност со европските прописи.

Имено, како што кажав и пред малку оваа е наше исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Благој Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам госпоѓо потпретседател, господин министер и заменик министер, колеги пратеници,

Не мислев да се јавам за збор, меѓутоа малку бев испровоциран од досегашните дискусии по еден вака краток, но мошне значаен закон, бидејќи сепак докажуваме и сега дека знаеме се да исполитизираме и се да го вметнеме на полето на политиката, иако нема потреба од сето тоа.

Имено, се работи за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности, кој Либерално демократската партија потполно ќе го поддржи, бидејќи сметаме дека е во рамките на започната децентрализација на власта во Република Македонија.

Впрочем, проблемот со сметот е актуелен повеќе години. Уште претходната влада беше зацртала стратегија за изградба на 6 депонии регионални, бидејќи факт е дека во Република Македонија само се собира сметот, меѓутоа, ниту квалитетно се квалифицира ниту квалитетно се рециклира, што претставува основен предуслов за заштита на животната средина.

Со ова, се отвара можност повеќе општини регионално да се диговорат и ги спремат своите економски ресурси во изградбата на такви регионални депонии, кои ќе имаат таква инфраструктура, која во суштина е прилично скапа, меѓутоа бара големи инвестиции, но тоа носи и голем профит, како што рече и заменик министерот бидејќи треба да се инсталира и скапа технологија, меѓутоа, тоа е единствен начин квалитетно да се класифицира отпадот и квалитетно да се рециклира за да ја заштитиме нашата животна средина. Не треба да ги мешаме работите меѓу собирање на сметот и функционирањето на овие регионалони депонии, бидејќи и во досегашните одлуки за комунален ред на општините, на единиците на локалната самоуправа беше овозможено пазарно функционирање на делот на собирањето и чистењето на сметот, бидејќи ние знаеме дека без пазарни компетиции неможеме да се надеваме на чисти градски средини, така да можат да се формираат и повеќе претпријатија, кои ќе го собираат сметот, меѓутоа, треба да имаме објекти кои изискуваат и финансии, а тоа особено регионални депонии каде што тој смет ќе биде класифициран и рециклиран.

Земајќи ја предвид конкретната ситуација во која се наоѓа Република Македонија овие измени и се токму во духот на европското законодавство и сигурно дека не само општините, треба да одигра голема улога и Министерството за животна средина, едноставно, да се направи стратегија, за да се отвораат можности за подобро дејствување на општините на регионално ниво, се со цел еднаш да ги реализираме тие зацртани 6 регионални депонии и да почнеме на квалитетен начин и на оптимален начин да се справуваме со сметот, односно, да не дозволуваме натамошно претворање на Република Македонија во депонија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За дискусија се јави господинот Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана потапретседателке, почитувани колеги пратеници,

Јас бев во раководството на една општина и се соочив со проблемот на одржување на градската хигиена на една општина, односно собирањето на отпадоците е една болна точка во цела Република Македонија. И токму поради ова, мислам дека е добро да му приjдеме на едно решение, кое решение ќе понуди едно поквалитетно собирање на отпадоци, односно да се утврдат регионални депонии, со оглед на тоа дека неможеме да дозволиме секое село, или секој град да има по една депонија. Тогаш на што ќе личи оваа територија, или оваа држава.

И поради ова приодот за изградбата на регионални депонии е најдоброто решение кое може да се понуди. Со оглед на тоа што многу поразвиени земји од нас на овој начин го имаат решено овој проблем.

Со оглед на тоа што бев во општинското раководство на општина Гостивар и се соочив со овој проблем, една стара депонија која што беше во близината на Гостивар, во која се собираа отпадоци од целиот регион, од целото подрачје, беше проблематично, бидејќи во близината имаше населени места и после начинот на регулирањето на оваа депонија беше многу сурово, диво. Од Министерството за екологија, се соочив со едно барање на трите општини, кој што ги спомна замeникот министер, одамнешно барање каде е изготвен еден план за изградбата на оваа депонија, на едно многу поволно место за собирањето на отпадоците на едно пошироко подрачје и затоа е добро Министерството за екологија да ја забрза изградбата на оваа депонија, бидејќи многу малку имаше заинтересирани да се изгради оваа депонија. Јас бев помошник директот во Бирото за неразвиените места и во оваа институција се одвоија средства за изградбата на патот кој води кон оваа депонија и сега дефинитивно тоа треба да го даде Министерството за екологија, бидејќи има и заинтересирани од надвор, донатори, кои можеби во иднина во оваа депонија ќе се грижат и рециклирањето на отпадоците. Значи, мислам дека во оваа форма треба да се реши овој проблем и како најдобро решение да ги одбегнеме дивите депонии, кои ќе ги најдеме во секоја населба во градовите.

Што се однесува до инфраструктурата, или одржувањето на инфраструктурата како што е катастарот, водоводот, исто така мислам дека треба посебно внимание, или повеќе да му се даде значење, ова да го прават претпријатија кои ќе се основаат од општините, односно претпријатија кој ќе се основат од физички лица, бидејќи во многу земји во Европа, токму општините се тие, кои повеќе водат сметка за одржувањето на инфраструктурата и одржувањето на хигиената, бидејќи тие луѓе кои се избираат непосредно од граѓаните, имаат и обврска на нив да им обезбедат услови за еден простор, почист простор и за една подобра инфраструктура. Треба да им се даде посебна нагласка на претпријатијата кој ќе се основаат од повеќе општини, за да имаат карактер на посериозни претпријатија и да имаат повеќе успех во нивното работење. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на усвојување на заклучокот и на гласање, ги молам сите пратеници, кои се наоѓаат во Собранието да влезат во собраниската сала, за да можеме да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Уште еднаш ги молам колегите пратеници кои се наоѓаат во Собранието да влезат во салата, за да можеме да гласаме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали може колегите ако се во Собранието да ги повикате пратениците, ве молам да влезат во салата.

Се приближуваме кон бројката на кворумот, веројатно, ни треба уште еден мал напор.

Во ред, можеме да го усвоиме заклучокот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, сите 61 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, од 65 присутни, сите 60 пратеници гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам министре.

Значи, значењето на амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам министре.

И овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници,  65 пратеници гласале за, 1 пратеник гласал воздржано, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за комунални дејности.

Минуваме на точка 32 - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон, дописот на Законодавно правната комисија и Мислењето на Владата, ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани дами и господа,

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го предлага донесувањето на овој закон, затоа што бевме, а и сеуште сме длабоко убедени и времето го покажа тоа, дека Владата направи голема грешка кога претходната година го зголеми данокот за додадена вредност од 5% на 18%, за да може да обезбеди средства во Буџетот на Република Македонија, за да создаде финансиски основ за да профункциониран таканаречениот “Бранков заскон” со кој што Владата на Република Македонија сакаше да ја зголеми вработеноста во државата.

Како резултат на тоа ја зголеми повластената стапка на данокот на додадена вредност на производите на човечка и животинска исхрана, основните производи на земјоделството, електричната енергија, лековите, ортопедските помагала, инвалидските колички, средствата за хигиена, книгите, брошурите, медицинскиот потрошен материјал, прометот на станбени згради и станови, превозот на лица или со еден збор на сите производи кои што директно ја зголемуваат потрошувачката односно ги зголемуваат трошоците за живот на посиромашните граѓани.

Почитувани дами и господа, самиот министер за труд и социјална политика изјави дека “Бранковиот закон” не ги исполни своите основни цели и како резултат на тоа нема да продолжи неговата примена. За реализацијата на овој закон Владата на Република Македонија предвидуваше за две години да се потрошат две милијарди денари, а од друга страна пак преку зголемувањето на данокот на додадена вредност дека ќе бидат собрани 1,8 милиони денари. Од тоа произлегува дека парите собрани од зголемениот процент на данокот на додадена вредност нема зошто повеќе да се собираат на сметка на осиромашувањето на граѓаните во Република Македонија.

Јас сакам да прашам, посебно да ја прашам власта, каде е нејзината одговорност за овој експеримент, кој што го влоши животниот стандард. Зошто, ние како опозиција го кажувавме тоа не не послушавте, па требаше уште повеќе да се осиромашат граѓаните, за да повторно се види дека “Бранковиот закон” не може да ги даде очекуваните резултати, а згора на тоа сеуште ја применувате оваа зголемена стапка од 5% на 18%, иако со тие собрани пари во Буџетот не ја намаливте невработеноста во државата, туку обратно, ја зголемивте.

Ние бевме во право почитувани дами и господа, со процентите дека “Бранковиот закон” ќе доживее фијаско, дека нема да успеете да вработите доволно луѓе за тие големи пари, кои што пак преку грбот на сиромашните граѓани, преку зголемувањето на данокот на додадена вредност, ги собравте. Направивте само

уште повеќе да се осиромашат граѓаните со покачувањето на данокот на додадена вредност од 5% на 18%, а собраните пари од тоа, наместо да се вложат како што многупати тогаш при носењето на овој закон истакнувавме дека треба да се вложат во нови инвестиции, за тие да овозможат понатаму вистински вработувања на невработените во државата да обезбедат вистински развој, наместо тоа вие овие пари ги наменивте да бидат дадени на работодавачите, да им бидат платени придонесите за луѓето кои што тие ќе ги вработат. Со тоа, најпрво, се предизвика нерамноправност на правните субјекти на пазарот за еден ист производ, одредени стопански субјекти имаа поголеми трошоци, а други беа бенефицирани, згора на тоа пак, дел од работодавачите, во поголем дел само си ги легализираа, како што кажавме тогаш, веќе постојните вработени, кои им работеа на црно, а за тоа наместо да се казнат, тие дебело се наградија, давајќи им пари за придонесите по основ на плати, за истите тие работници, за кои тие со години не плаќаа никакви давачки, бидејќи им работеа на црно. А, сето тоа го направивте господо од власта, повторно ќе кажам, земајќи пари преку зголеменото данокот на додадена вредност од осиромашените земјоделци, на кои им го покачивте данокот на додадена вредност за најлонот, за ѓубрето, за средствата за заштита, струјата и севкупните други животни трошоци. Наместо да им помогнете, да ги растоварите од давачките, за да може тие да произведуваат, вие ги загушивте од давачки, заради кои што земјоделците денес се ем сиромашни, ем задолжени.

Со огромните трошоци на производството, а малите приходи од продажбата на земјоделските производи, направивте оваа категорија на исклучително трудољубиви граѓани, да биде социјално загрозена категорија. Со тоа директно го закочивте развојот на земјоделството во Република Македонија, но и на сточарството како стопански гранки, кои што треба да бидат носечки во развојот на Република Македонија и кои што вработуваат огромен број на граѓани. Наместо да го поттикнувате развојот на овие стопански гранки, за кои Република Македонија има прекрасни климатски услови, плодна земја, вода, вие го укинвате дури и Фондот за земјоделство, преку кои требаше да се помага развојот на овие гранки.

Почитувани дами и господа, постојано зборувате за тоа дека работите на начин, кои што ќе не доближи до Европската унија. Затоа, морам да ве потсетам дека во Европската унија посебно се води сметка за развојот на земјоделството и сточарството. Само за приме, од најновиот буџето од Европската унија се одделуваат средства, посебни средства за развој на земјоделството во новопримените земји, кои што веќе се членки на Европската унија или ќе станат

членки оваа година во Европската унија. Значи, и Европската унија доволно води сметка за развој на земјоделството и за помагање на и на земјоделството и на сточарството. Со зголемувањето на данокот на додадена вредност, со огромните дополнителни оптоварувања наместо да им олесниме на земјоделците и на сточарите полесно да работат и да си го обезбедуваат сами лебот за преживување, ние сега направивме со носењето на овој закон, што вие го донесовте со зголемувањето на данокот на додадена вредност да им го отежниме нивното живеење и од нив да направиме социјални случаи.

Понатаму, со зголемувањето на данокот на додадена вредност на сите прехранбени продукти, на средствата зас хигиена, на лековите, директно го намаливте животниот стандард на сите граѓани во државата, а посебно со зголемувањето на данокот на додадена вредност направивте многу сиромашни болни граѓани во државата да не можат да си ги купат неопходните лекови, кои што речиси секогаш кога им требаат ги нема во аптеките да си ги земат со рецепт, па граѓаните ако сакаат да се лечат, треба да ги набават во приватните аптеки каде секогаш ги има, но по кои цени.

Со последниот попис на населението и домаќинствата е утврдено дека голем е бројот на граѓаните во Република Македонија кои што не се во брак. Како еден од главните услови за стапување во брак, тие го наведуваат, покрај решавањето на вработувањето, немаштијата и решавањето на станбеното прашање. Сметаме дека бројот на лицата кои што бараат стан е голем и не само млади луѓе кои што не стапиле во брак, туку е голем бројот на млади брачни двојки и други семејства кои што бараат стан за живеење како основен минимум за достоинствена егзистенција. Ова го потврдуваме, бидејќи цените на становите се големи, споредени со цените на становите во другите главни градови на другите држави околу нас. Затоа и тука треба да се води сметка да се намали процентот на данокот на додадена вредност од 18% на 5% и барем на тој начин некако да им се олеснат давачките, за да можат луѓето да дојдат до стан. Токму заради тоа во овој предлог на закон, кој што доставува пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се зборува и за намалување на данокот на додадена вредност по овој основ од 18% на 5%. Да не ги набројувам и понатаму негативните последици од овој закон во сите сфери на живеењето, бидејќи на сите граѓани во Република Македонија доволно им е јасно тоа, па затоа донесувањето на овој закон со кој што повторно ќе потенцирам ќе се врати данокот на додадена вредност од 18% на 5% за некои одредени производи, за кои што ќе се применуваат повластена даночна стапка и услуги. Токму

заради тоа неопходно е потребно да се поддржи и да се прифати еден ваков закон, со тоа што со него ќе се овозможи намалување на даночното оптоварување на граѓаните. Ќе се овозможи намалување на цените на мало, со што ќе се подобри и онака влошениот нивен животен стандард. Понатаму, ќе се намали цената на производите, кои што се неопходни во скојдневниот живот на секој граѓанин. Тука, пред се станува збор за електричната енергија, земјоделските препарати, јавниот превоз, медицинските помагала и многу други производи кои што секојдневно се користат од страна на граѓаните. Исто така, повторно ќе кажам, на земјоделците, кои во моментов се во незавидна положба, ќе им се намалат цените на основните препарати, на лицата со посебни потреби ќе им се поефтинат помагалата неопходни се нивно нормално живеење, ќе се намали цената на лековите што драстично ќе им ја олесни положбата на пензионерите и болните, ќе се намали цената на јавниот превоз, што ќе значи помали трошоци на граѓаните, на студентите, ќе се намали цената на електричната енергија. Со еден збор ќе им олесниме на граѓаните да преживеат од први до први.

Повторно ќе се навратам на постојниот закон што во моментов е во сила во Република Македонија. Мене ме интересира колку пари до сега повеќе влегоа во Буџетот на државата од зголеменото данокот на додадена вредност на грбот на сите овие граѓани. Колку работодавци ги искористија тие пари со кои им се плаќаше придонеси на нивните вработени. Од кои фирми се овие работодавци и дали овие дадени средства придонесоа да се развијат полесно овие фирми што ги користеа овие бенефиции од законот или дали со тоа тие создадоа основ за вработување на нови лица. Бидејќи, целта на законот е тоа или пак овие пари завршија само во џебовите на работодавците, без да бидат основ за нови вработувања, бидејќи тие немаа задолжителна обврска да инвестираат во развојот на сопствената фирма ако земаат пари според овој основ. И пак ќе кажам, каде е тука одговорноста на Владата на Република Македонија за ваквите промашени закони, кои што само ги направија граѓаните уште посиромашни и дали и во иднина ќе се носи уште еден “Бранков закон”, со кој што треба да се зголемат давачките на граѓаните, иако ги видовме негативните резултати и од првиот “Бранков закон” и од вториот “Бранков закон”, а веќе во процедура ни се нуди и трет ваков закон, за поттикнување на вработувањето од страна на група пратеници од СДСМ.

Дали конечно не треба да се извлече поука дека на грбот на граѓаните не треба да се прават експерименти за остварување на одредени цели на работодавците блиски до власта, а не на мноштвото сиромашни граѓани, невработени граѓани во Република Македонија.

Затоа, почитувани колеги пратеници, за доброто на сите граѓани на Република Македонија, обидете се барем преку овој закон да им олесните на граѓаните, да престане државата да им зема повеќе даноци, бидејќи тие во оваа ситуација во која што се наоѓаат немаат од каде да плаќаат ни 5% а камо ли 18%  од ДДВ. Повторно ќе кажам, размислете за вашето прекршено со овој закон изборно ветување дека ќе ги намалите даноците во државата. Затоа, како ваш прв чекор нека биде овој закон со кој што, ако го изгласате, ќе создадете основ да може да почнете да работите на намалување на даночното оптоварување на граѓаните, а не на негово зголемување.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

Реплика побара господинот Анастасовски, повелете имате право на реплика од три минути.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Јас го ценам тоа што колегите од опозицијата го дале звојот закон, меутоа колешката Силвана Бонева како еден од предлагачите на овој закон не разбрав дали таа имаше свое образложение по однос на предложениот еден односно два члена од овој закон или даваше анализи и оценки на некој претходен закон, односно Бранковниот закон и кажуваше за целокупната состојба во Република Македонија и правеше овде пред македонската јавност маркетинг. Таа самата ја погреши целта на своето образложение. Таа требаше да даде образложение по однос на тоа што тие го имаат дадено  како законска форма, тоа е законот за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност. А не тука колешката да ни прави анализи на некои претходни закони, да споредува со некои претходнизакони. Таа очигледно не ја сфатила улогата, нејзина како предлагач на закон. Веројатно таа прв пат сега како предлагач дава образложение по однос на некој закон. Барем тоа требаше да го објасни што всушност во тој еден или два члена содржи тој закон и да не убеди нас, пратениците да гласаме по однос на овој закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева повелете, имате една минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине Анастасовски, најпрво не давам образложение на некој закон. Сум била неколку пати потписник на предлози на закони и сум ги образложувала.

Тоа што вие го зборувате, очигледно зборува дека ниту сте ме слушале, ниту пак сте сакале да ме разберете. Јас дадов образложение токму на тоа, на секоја точка од членовите на законот што го предлагаме. Образложението произлегува од постојниот Закон за ДДВ, од неговото зголемување, од потребата за носење на закон за ДДВ односно од вашата потреба да донесете Бранков закон со кој што исто така се поттикнува вработувањето, но не постигнавте никаков резултат, и понатаму продолжувате да им земате пари на граѓаните преку ДДВ, без да водите сметка дека ги оптоварувате граѓаните, ги товарите без потреба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Димитров, имате право на реплика од три минути.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам господине претседателе,

Госпоѓо Бонева, навистина, образложувајќи го овој предлог на закон одржавте еден политички говор во кој што на еден начин, од една страна велите да им помагаме на земјоделците, на Фондот за земјоделие и на бизнисмените, а од друга страна не кажавте од кои средства. Бидејќи од друга страна кажувате да се намалат даноците и да се олесни набавката на репроматеријали и тн.

Но, јас сакам да исправам само еден нејзин став, јас лично не се согласувам со тоа, кога поранешниот закон за поттикнување на вработеноста го нарече како промашен закон, промашени закони и дека доживеал дебакл. Со Законот за поттикнување на вработеноста во 2003 година се вработени вкупно 14.840 нови работници кај 5.486 работодавачи. 14.840 од вкупно вработените 29 илјади ново вработени не е мала бројка и особено треба да се истакне тоа дека вработени во производството, значи вработени што ќе придонесуваат за новосоздадена вредност, а не во јавните институции. Ние, 16 пратеници, предложиле нов закон, пак поради

тоа што мислиме дека законот не бил промашен, туку довел до зголемување на вработените во Македонија. А оној нејзин став дека се помага на работодавци блиски до власта, јас не знам како тие 5.486 работодавци таа ги дели на блиски до власта и неблиски до власта или има некое чаробно стапче па ги дели на фирми ВМРО-вски или СДС-овски или незнам како.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева, имате една минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Вашиот говор колега, едно говорите а друго правите, божем сте заинтересирани за невработените граѓани и за сиромашните граѓани во Република Македонија, а дополнително ги товарите со давачки за закон што се покажа дека не постигна резултати. Со Бранковиот закон, јас не измислив, дека тој функционира или не функционира. Доволно беше кажувањето на вашиот министер за труд и социјална политика кој што кажа дека нема потреба да се применува Законот, бидејќи не ја остварил целта.  А, за тоа како јас ги делам работодавците, дали се тие блиски на власта или не, мој заклучок е, а вие побијте ме, конечно дадете го списокот бидејќи веќе три месеци имам поставено пратеничко прашање за резултатите од овој Бранков закон, кои работодавачи ги имаат земено парите и како ги имаат тие употребено и дали со тоа го поттикнале вработувањето во сопствената фирма. Сеуште немам добиено одговор кои се тие фирми, кои се тие работодавачи што зеле пари. Токму заради тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Станковска, имате три минути,.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам претседателе,

Елаборацијата по законот од страна на колешката, според мене, воопшто не заслужува ни внимание нити пак некоја реплика, туку само на еден дел од тоа што таа го изнесе сакам да прашам, ако чувствува потреба може и да не одговори, не на мене, туку на македонската јавност.

Ако навистина се грижи за парите на граѓаните на Република Македонија, а навистина наша заедничка грижа треба да биде во таа насока, дали кога ги трошат парите на граѓаните на маратонски, јалови седници чувствува барем мала грижа на совеста.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Маратонски јалови седници опозицијата не држи, туку опозицијата е тука да биде коректор на власта и секогаш ќе го зборува тоа што мисли дека е во интерес на граѓаните на Република Македонија. А, заслужува внимание оваа моја елаборација, бидејќи зборува за даночното оптоварување на граѓаните што беше донесено во ист момент кога беше донесен Бранковиот закон, истите овие пари што беа потребни за спроведување на Бранковиот закон се предвидуваше да бидат собрани од ДДВ. Сега веќе не постои Бранковиот закон, нема потреба повеќе од оптоварување на граѓаните на Република Македонија со дополнителни давачки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Заев, имате три минути за реплика.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Благодарам претседателе.

Би сакал да и реплицирам на колешката Бонева.

Значи, колешке, вие упорно продолжувате со вашата тактика и си правите само политички маркетинг. Истовремено зборување за намалување на даноците, а барате од друга страна од Владата да одвои средства за земјоделието и за многу други работи. Јас разбирам да се бара и да се врши притисок врз Владата да одвои средства за земјоделието, да го стимулира, но истовремено да се бара и намалување на даноците, тоа е апсолутна тафтологија. Контрадикторност. Знаеме колку Владата мора да направи напори да обезбеди плати на сите оние кои масовно ги вработувавте во јавниот сектор, како да е сектор од некоја друга држава, да обезбедите средства за сите оние дубари односно сегашната Влада да обезбеди средства за сите оние финансиски дубари за кои сеуште пристигаат извршни судски

пресуди и го празнат Буџетот и всушност сите овие средства треба во нормални услови да одат во инвестиции во земјоделието и во економијата.

Затоа ве молам, ако веќе се впуштате во вакви дискусии, немојте да бидете контрадикторни. Или, барем пво признајте ги вашите грешки, односно грешките на претхдната власт, а кои грешки сега ги плаќа оваа власт, па потоа кажете зошто сте загрижени за граѓаните и зошто сте загрижени зошто плаќаат такви даноци.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете гопсоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

За грешките на претходната власт ќе кажат судските органи. Меѓутоа за тоа кажаа и граѓаните на изборите. Меѓутоа, за да бидете вие почитуван колега и вашата пратеничка група, за да направите еден убав политички маркетинг, поддржете го донесувањето на овој закон па и вие ќе имате позитивни политички поени пред сите сиромашни граѓани на Република Македонија, бидејќи навистина ќе им олесни ако им го намалите даночното оптоварување.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Костадинова, имате три минути.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам господине претседателе.

Јас би сакала да и реплицирам на колешката Силвана Бонева во смисол на тоа да ја потсетам дека Буџетот за 2004 година е усвоен. Во него се проектирани буџетските ставки за 2004 година, за кои што опширно расправавме, во смисол на приходи и расходи. Сега ние можеме да бараме да го согледаме извршувањето односно наплатата на ДДВ било тромесечно, било шесто месечно, да увидиме дали е потфрлено, дали е натфрлено, а еве последниве денови во средствата за јавно информирање слушаме дека се преземаат обемни мерки за наплата на тие приходи. А не сега, секој втор збор да користиме кога предлагаме некој нов закон, без некоја претходна анализа, дека со тие стапки на ДДВ ние ги осиромашуваме граѓаните на Република Македонија и сега јас би прашала како пак претходната власт, со оние

нивни претходни работи што се случуваа придонесоа да се збогатат граѓаните на Република Македонија? Кога се користеа разни манипулации, разни малверзации за трошење на буџетските средства, на разни луксузирања, разни ненаменски трошења. Мислам дека еднаш тука спомнував на какви луксузи се трошени буџетските пари. Тогаш не ни се мислеше за осиромашување на граѓаните на Република Македонија? На скапите рачни часовници, рачно сликаните марами, на парфеми, на набавки, на авионски билети без тендери, на лица невработени во соодветни јавни претпријатија, установи и слично. Истовремено на ненаменското трошење на буџетските средства од Фондот за земјоделство, од Бирото за неразвиени подрачја и сл.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гопсоѓо Бонева, повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана колешке, оваа недокажана приказна, сто пати до сега ја имате кажано, можете да ја зборувате откако судски ќе се докаже, јас само сакам да ве потсетам дали денеска читавте во весниците за повратокот, за огромните злоупотреби со враќањето на ДДВ што се прават и овие афери. Понатаму, уште нешто да ве потсетам дека Буџетот на државата, кажавте е усвоен, меѓутоа се најавува ребаланс на Буџетот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова, повелете.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Мојата реплика се однесува само на последната констатација искажана од госпоѓата Бонева што провејуваше и во целата таа дискусија за недоволно добро оформени закони што би не заштитиле во смисол на недобро собирање на ДДВ. Токму од тие причини и Владата на седницата во петок предлага измени на Законот за ДДВ во смисол на тоа токму да се анулираат или да се на некој начин отстранат тие неправилности од законот што беше пред тоа...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Лепиткова реплика на реплика нема.

Бидејќи нема повеќе реплики, повелете господине Караџоски, а нека се подготви пратеникот Аднан Ќахил.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе на Собранието, почитуван в.д. претседател на Република Македонија, почитувани колеги,

Значи, јас го користам правото како предлагач на овој закон да го искажам мислењето на подносителите на законот и на суштината поради која што го предлагаме овој закон.

Најнапред, дозволете ми почитувани колеги, во моето искажување, значи да не сфатите погрешно, да не бидете во заблуда дека овој закон го предлага Владата, значи сепак овој закон го предлагааат пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, а зошто ви обрнувам внимание, затоа што како едни од приоритетите на Владата, барем во кампањата што ја слушавме или во изборната програма на СДСМ, јас е морам да ве потсетувам и да ја цитирам таа реченица повеќе пати, бидејќи очигледно сте ја заборавиле. А таа, гласи вака: “Владата на СДСМ, преку реформа на даночната политика ќе обезбеди проширување на опфатот на стапките со повластена даночна стапка од 5%”.

Е, токму тоа што Владата на Република Македонија, значи Владата на СДСМ требаше да го прави а не го направи, тоа го прави сега пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Со тоа, почитувани колеги, не значи дека ви ја крадеме идејата од предизборната платформа што ја зацртавте туку едноставно ве потсетуваме што сте ветиле, што сте напишале, а што сте реализирале.

Значи, ветивте дека Ќе ја проширите повластената даночна стапка, а направивте обратно. Ја стеснивте даночната стапка, поточно опфатот, така Што Владата на СДСМ само што седна на позицијата од мојата десна страна, брзопотезно донесе Закон за измена и дополнување на Законот за ДДВ со кој што наместо тоа што го вети го направи сосема обратното. А, обратното беше наместо да ја прошири стапката, опфатот на даночната стапка, испадна дека го зголеми и само неколку производи останаа на повластената стапка од 5%.

Е токму тоа, почитувани колеги е она што сакаме да ве потсетиме и она што сега ние ви го нудиме како законско решение. Или, народски кажано, барем тоа што ќе го ветите не мора 100% да го остварите, но остварете го барем 30%.

Е сега, зошто ве потсетувам сега? Некој ќе праша каде најде сега да не потсетува? Баш моментот е одлучен, затоа што, да не заборавиме, не чекаат едни

избори во кои најсигурно кандидатот на СДС за претседател можеби ќе вети нешто слично. Затоа оваа реченица ќе ви ја повторувам повеќе пати и да знаете дека ветувањата треба да се исполнат.

Господине Петковски не значи дека гледам во вас, дека мислам на вас, но ако бидете, нели, треба да го почитувате ова.

Значи, повторно ќе потсетам, Владата на СДС, преку реформа на даночната политика ќе обезбеди проширување на опфатот на стапките со повластена даночна стапка од 5%. Индиректно, знаете што значи? Индиректно значи намалување на животните трошоци на населението или поефтинување на производите Што секојдневно се среќаваат во прометот кај граѓаните.

Се случи обратен процес. Се случи да ги поскапеме односно 5% ја зголемивме стапката на данок на 18% за сите витални производи. Јас ќе мора да ве потсетам, бидејќи Предлогот на закон што ние го нудиме е во тој правец, во обратен правец од тоа што вие го направивте. Значи тука се производи за човекова исхрана, производи за земјоделство, храна за животни, вода, освен минерална, електрична енергија за која што упорно слушавме дека покачувањето на даночната стапка нема да влијае на покачувањето на електричната енергија, но во нормалниот живот ветувањата се само ветувања, а фактите се сосема други, така што имаше покачување на електричната енергија најверојатно ќе има уште понатаму. Потоа детергенти за миење, публикации, минерални и хемиски ѓубрива, средства за заштита на растенијата и тн. Значи топлата вода не ја измисли ВМРО-ДПМНЕ, уште помалку пратеничката група. Ова нешто, да ви кажам искрено, го прочитав од Програмата на СДС и многу лесно го преточивме во закон.

(Дофрлање од место).

Програмата, господине Макрадули на СДС ако ја немаш, не можам јас да ти ја дадам, меѓутоа ова е законот. Добро, Програмата мислам дека напамет ја знаеш и добро е што и ние научивме за да знаеме што се излажавте.

Дека е вистина, ќе ве потсетам со една друга работа. Јас незнам колку вие како пратеници на СДСМ, бидејки попмнењето слабо ве служи, брзо заборавате, ние имавме едно експозе на мандаторот, имавме експозе на г. премиер кога ја формираше Владата каде исто така ги повтори овие реченици. Сега, ако не верувате, ако мислите дека измислувам, најдете го стенограмот, прочитајте што кажа премиерот, нормално кога го биравме и гласавме, откако го изгласавме другиот ден сосема друго се направи, друго кажа и тоа воопшто мене не ме чуди, само незнам како другите им веруваат, инаку ние знаеме дека ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ајде оваа дигресија да заврши, поминете на законот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Тоа е законот.

Почитуван претседателе, со оглед на тоа што и вие сте еден од творците на Програмата на СДСМ, јас и вас ќе ве потсетувам на она што сте го напишале, бидејќи е тоа пишан материјал, а на г-динот Макрадули можете да му објасните дека ваква реченица постои во Програмата.

Да преминам на законот.

Значи, нашиот закон кој сега го предлагаме оди во правец на намалување на даночната стапка за овие производи кои ги прочитав од 18% на 5%, што значи за цели 13% помалку имајќи го во предвид фактот во какви услови живеат граѓаните на Република Македонија , имајки го предвид фактот дека економскиот бум што ни го вети премиерот и оваа Влада сеуште не се случува и кој знае дали воопшто ќе се случи, имајќи го фактот што од први до први секој еден граѓанин на Република Македонија едвај составува крај со крај имајќи го предвид фактот дека некој развој, некоја идеја оваа Влада ниту мисли ниту може да предложи во правец на зголемвуање на стандардот така што доколку остане Законот за ДДВ каков што е моментално, доколку не се прифати нашето решение, јас се чудам, не само јас, туку голем дел од граѓаните на Република Македонија навистина си го поставуваат праШањето како да се издржи еден месец во оваа година затоа што и месецот стана долг период, како да се преживее при вакви високи даноци, при вакви оптоварувања на граѓаните.

Нашиот закон оди токму во тој правец да помогнеме на начин со тоа што ќе ги намалиме даночните стапки за оние артикли кои се од животен интерес за граѓаните на Република Македонија на кои индирекно ќе влијаат врз намалување на цената на производите и тоа да не заборавиме на кои. На електричната енергија, на водата кои дирекно учествуваат во процесот на производството, во прехранбените производи, во хемиските , како што ги набројав детергентите, вештачките ѓубрива кои дирекно учествуваат во земјоделското производство значи се она што декларативно го велевме на граѓаните на Република Македонија се до моментот додека не седнавме да бидеме влада.

Според тоа, треба да го почувствуваме и да се соочиме со проблемите на граѓаните, не така анблок да го отфрламе се она што опозицијата го предлага и да кажеме ова е политички маркетинг, ова е незнам што и да се правиме глуви на проблемите со кои се којдневно граѓаните се соочуваат.

Би поставил конкретно прашање, нема претставници од Владата, но имаат право да ги читаат стенограмите, веројатно е прочитаат, јас на една од претходните седници искажав еден податок кој министерот за труд и социјална политика и заменик премиерот го потврди овој месец споредено со претходниот месец индустриското производство во Република Македонија е опаднато за цели 40%. Тоа е фрапантен податок, тоа е податок кој кажува дека во Република Македонија се случува економски бум, но во рикверц, наназад. Тоа е податок кој на вака високи даночни стапки незнам каде ќе не однесе и најверојатно во еден генерален стечај на цела Република Македонија . Искрено се надевав дека оние 200 милиони долари што ги најави премиерот, ако ништо друго барем во овие месеци ќе стасаат, се надевав дека некои инвестиции, као што го најави Бунарџик ќе почнат да се остваруваат за да и покрај вака висока даночна стапка која ја имаме во овој закон, нема да биде некое директно оптоварување затоа што не личи на оној развој, преку развојот на стопанството ќе има и вработување и слично. Меѓутоа, што се случува? Од ден на ден стопанството паѓа, производството го нема, бројот на невработени рапидно расте, бројот на технолошкиот вишок исто така расте и даночните стапки остануваат такви какви што се. Што значи директно оптоварување на животниот стандард.

Сега, мислењето на Владата по основ на овој закон, покрај другите, ќе издвојам само едно дека доколку се усвои овој закон кој опозицијата го предлага, ќе се доведе во прашање како ќе се полни буџетската каса. Значи она што и е најголемо гајле на оваа Влада е како да ја наполни буџетската каса, а многу помал проблем е да каже како да го натераме односно како да воспоставиме систем на правила на игра за да овој народ преживее во Република Македонија . Значи, тоа е споредна работа, а битна е како да го наполниме Буџетот. Како ни тргнала работата, како почна да паѓа производството, и да ги зголемиме ставките од 18 на 25% прашање е дали воопшто ќе го наполниме Буџетот затоа што нема од каде, нема од што, но за да има еден развој треба да има програма, треба да има олеснувања особено даночни, па и царински со кои ќе ги стимулираме и производителите и стопанствениците за да вложат пари во Република Македонија преку тоа индиректно или директно да одиме во развој на Република Македонија .

Тоа е почитувани колеги се она што го ветувавте, тоа е она што го напишавте во Програмата, но тоа е она што не го спроведувате. Со право граѓаните, а и ние овде како опозиција навистина исчекуваме дајте нешто направете, еве годинаипол помина од историскиот 15-ти септември, сега ќе дојде 14-ти април, веќе не е 15-ти заради тоа што можеби тој дене баксуз, но дајте нешто навистина направете, еве бидејки идеи немате како Влада да донесете некој подобар закон, еве прифатете го нашиот или прифатете ги нашите идеи или еден од пратениците велеше бидете мажи, па признајте дека опозицијата има попаметни решенија, како што е ова.

Спрема тоа, гледам 13,00 часот претседателе, да го надминам, имам уште три минути, значи овој закон нема за цел никаков маркетинг затоа што е поднесен многу поодамна, немавме сознанија ниту во предвид дека овој месец или идниот ќе се води некаква кампања, овој закон го поднесовме само со цел да ви укажеме на слабостите што како Влада и парламентарно мнозинство во континуитет ги правите цело време откако сте дојдени на валст. Тоа е дека апсолутно ниту го чувствувате народот, ниту ги согледувате проблемите со кои се соочува и немате храброст од она што сте го ветиле и напишале  на крајот на краиштата да го спроведете. Оправданијата се ММФ, аранжманите, но да ви кажам една работа од ММФ и од аранжманите што ги правиме народот не виде некое фајде, напротив, виде поголемо осиромашување и со право се прашува каде исчезнаа парите во Република Македонија поточно што се случи по 15-ти септември затоа што видете што се случува во секој еден град ќе ви биде многу јасно. Значи, ова е само еден чекор да ви укажеме како треба да работите, еден чекор во правец на тоа како да ја подобрите состојбата со стандардот на граѓаните, а не само декларативно сега по мојот говор “ако ме прашате” во Македонија веднаш ќе дојдат 200 илјади долари, па ќе го отвориме Бунарџик за кој велевме дека е  фатаморгана на тој што го предложи, па ќе се фатиме за идеи и предлози кои цело време ги критикувавме.

Очигледно е дека идеи немате , па заради тоа не мора да се мачите и да се трудите затоа што секоја идеа која иде од оваа неспособна Влада одат во правец само на отежнување на животот на граѓаните, па затоа немачете се многу, прифатете ги нашите предлози, јас сметам дека на тој начин ќе има  подобри решенија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

(Пратениците бараат реплика).

Благодарам, објавувам пауза до 14,00 часот, а репликите после паузата. Работиме европски.

(Пауза од 13,00 до 14,05 часот)

Продолжуваме со работа, бидејќи расправата е во тек има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитувани колеги, денеска повторно на дневен ред го имаме законот за данокот на додадена вредност.

Само за потсетување, овој закон за прв пат во фискалниот систем на Република Македонија го воведе минатата влада кога министер за финансии беше г-динот Никола Груевски и тогаш беше оценето дека е храбар потег на тогашната актуелна власт и на министерот и чинам дека овој закон, закон за данокот на додадена вредност беше еден од законите што подоцна на министерот му го наметнаа префиксот - реформатор во фискалниот систем на Република Македонија и во финансиите воопшто.

Тогашната содржина, тогашните правни норми на законот за данокот на додадена вредност беа примерени според висината на даночната стапка и според опфатот на повластената даночна стапка за производите што потпаѓаат под таа стапка сосема примерени на условите на животот, на економските услови, на условите што владееја во стопанството на Република Македонија и на платежната моќ односно стандардот на граѓаните во Република Македонија.

Меѓутоа, за мене од неразбирливи причини новата власт и новиот министер за финансии тогаш г-динот Петар Гошев решија да направат корекција во овој закон со тоа што ја анулираа повластената даночна стапка односно ја задржаа за само мал број производи и таа стапка ја качија од 5 на 18%.

Мислам дека со тоа се внесе еден дополнителен хаос во одданочувањето, во собирањето на овој данок и во самата наплата на овој данок кој имаше далекусежни последици по однос на животниот стандар на граѓаните и по однос на зголемувањето на цените на производите од соодветните стопански гранки кои беа погодени со анулирањето на производите кои потпаѓаа до тогаш под повластена даночна стапка од 5%.

Значи прашањето е дали сегашното законско решение соодветствува на условите што владеат во стопанството и во животниот стандард на граѓаните на Република Македонија и во стопанството на Република Македонија .

Мислам дека сегашниот Закон со сегашните решенија апсолутно не соодветствува на условите во кои се применува и би требало , токму тоа беше мотивацијата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ која со овој Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност сака на извесен начин да ја корегира таа несоодветност на актуелното законско решение со условите во кои се применува.

Од прифаќањето на овој Предлог закон поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ би требало како бенефит и за граѓаните и за самата држава да произлезе едно искристализирање на нијансите во примената на законот за данокот на додадена вредност што ќе овозможи да изградиме еден систем во кој ДДВ нема да биде ниту политички маркетинг за предлагачите односно за опозицијата, ниту за позицијата да претставува од нивна страна додатно оптоварување не соодветно и на стопанството и на граѓаните, туку да се изнајде една мерка која ќе придонесе за стабилизирање во примената на овој данок, стабилизирање и на условите и на собирањето на овој данок, на наплатата и на полнењето на државната каса.

Од друга страна ќе се поништат негативните последици што овој закон ги предизвикува во соодветни стопански гранки и ќе придонесе со паѓање на цените кои произлегуваат како производ од тие стопански гранки да се подигне и животниот стандард на самите граѓани.

Значи, главната цел е да работиме за доброто на граѓаните и заради поправање на грешката направена со зголемвуање на стапката на ДДВ и да се работи на подобрување на влошениот животен стандард на обичните граѓани кој најдирекно е причина од зголемвуањето на ДДВ.

Од друга страна државата, наместо како што беше тврдено од тогашниот министер, ништо не се збогати, туку само изгуби и осиромаши уште повеќе затоа што зголемвуањето на ДДВ придонесе за се поголемо растење на сивата економија и шверцот во Република Македонија , а на сите ни е јасно дека сивата економија го растура даночниот систем на државата, директно влијае на непријавување на даноците, директно влијае на несобирање на даноците односно на неполнење на државната каса и на создавање на даночна евазија, односно не собирање на даноците во оној предвиден обем и количина.

Исто така последицата се гледа и од еден социјален аспект, бидејќи зголемвуањето на ДДВ дури и на такви производи како што се основните медицински средства претставува преседан за било која држава а не за Република Македонија дури тоа претставува една смешна нелогичност ако сакате да гледаме понатаму дека би можело да ги тангира и човековите права и слободи во областа на социјална уставна загарантираност на овие права на граѓаните на Република Македонија .

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го предложи овој предлог за изменување и дополнување на Законот за ДДВ со цел враќање на повластената ставка од 5% за оние продукти кои се сметаат како основни средства за задоволување на основните секојдневни потреби на граѓаните.

При ова особено се земени во предвид најсиромашните слоеви во државата и оние делови на населението кои се пензионери или одредени групи на луѓе на кои им е потребна здравствена помош.

Предност во набројувањето кои се гранки односно социјални слоеви ги опфаќа ако се прифати овој предлог на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на Предлгоот на законот би ги опфатило во смисла да им се подобри позицијата во однос на сегашните решенија Што актуелниот Закон за ДДВ ги дава.

Би започнал со земјоделието.

Со намалувањето на стапката на ДДВ на 5% , земјоделците повторно ќе можат преку повластена стапка да ги обезбедат основните средства за вршење на нивната дејност како што се храна за животни, минерални и хемиски ѓубрива, средства за заштита на растенијата, полиетиленско платно и слично.

Од друга страна цената на земјоделските производи исто така ќе се намали, па од тоа ќе имаат корист граѓаните кои овие основни прехранбени продукти ќе можат да ги купуваат по помали цени.

Понатаму би го спомнал намалувањето на стапката во областа на лековите и медицинските помагала кои во времето кога се донесоа законските промени за зголемување на даночната стапка сметав не само јас, туку и целата македонска јавност дека е тоа крајно нехумано и незамисливо во многу побогати земји, а не во една земја која е доведена на работ на економска катастрофа.

Тука би се надоврзал и на намалувањето на даночната стапка за основните производи за одржување на лична хигиена, со што и значително се растоварува семејниот буџет на населението. И ова беше еден невиден преседан во сегашниот закон, затоа што секаде во развиените земји се тежнее тие примарни потреби на

населението да може секој човек без разлика од која социјална група доаѓа, да може да си дозволи и никаде освен во Република Македонија тие производи за одржување на личната хигиена не се сметаат за луксуз. Исто така, би истакнал дека со овој Предлог закон се предвидува враќање на повластената даночна стапка и во електричната енергија како една од најбитните области за граѓаните и давачки кои најповеќе го оптоваруваат семејниот буџет. Оттука, се гледа дека овие законски промени што ги нуди пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се бенефит како за граѓаните за чие добро и во крајна линија се носат сите законски проекти, но и за државата зошто општо познато е дека прифатливите даночни стапки скоро никогаш не предизвикуваат даночна евазија . Секогаш важи правилото, помали даноци, следи посигурна наплата, следи поголеми средства во државната каса.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г-динот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас сум свесен дека овие во основа скромни измени кои ги предлага пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ не се производ на оние 300 економски умови кои слични иницијативи произлегуваа своевремено од СДСМ, ниту можеме да очекуваме дека ако овие измени на Законот за ДДВ поминат денеска, дека богзнае што ќе се случи во поглед на растеретување на семејниот буџет во Република Македонија, затоа што ситуацијата од економски аспект во Република Македонија е практично катастрофална. Единствено што можеме да се надеваме доколку овој предлог помине денеска во Парламентот барем во едни скромни рамки да ги ублажиме последиците од таквата состојба. За жал, барем според досегашниот тек на расправата и од она што го кажуваа неколку пратеници од СДСМ пред паузата, немам некој впечаток дека кај дел од пратениците постои расположение да размислуваат во насока барем малку да го ублажиме семејниот буџет во земјава, затоа што во крајна линија на зборот станува прашање за производи од широка потрошувачка. Иако Владата оваа година го започна својот економски бум врз основа на еден потпишан договор за изградба на трговски центар, би требало да размисли во насока да го намали ДДВ на производите за широка потрошуважка, затоа што од една страна на овој начин како што сега се спроведува Владината економска програма не можеме да очекуваме дека во догледно време со еден ваков режим можеме да се надеваме дека ќе стане збор за заживување на македонската економија, на македонското стопанство. Затоа што во земјава ние имаме практично 400-тини илјади лица за кои веќе не можеме да зборуваме дека се невработени, или

дека треба тие да се вработат, станува збор за 400 илјади луѓе кои прашање е на време кога Владата ќе излезе и не може да излезе со ништо друго, освен да се раскрсти конечно со тој еуфемизам дека станува збор за невработени луѓе, станува збор за луѓе кои во сопствената држава, во сопственото општество имаат статус на отпадници. Отпадници во смисла на зборот, затоа што не можат за себе и за своите семејства да ги дозволат најелементарните средства, најелементарните права кои произлегуваат и од Уставот на Република Македонија, правото на квалитетно здравствено осигурување, правото на социјално и пензиско осигурување, правото на образование и да не ги наведувам останатите аспекти од секојдневното живеење. Значи, истакнувам дека и кај нас и ние сме свесни како предлагачи дека воглавно не може да стане збор за некое револуционерно решение, ниту ние претендираме дека ова решение ја носи таа можност, едноставно станува збор да се обидеме како Собрание да излеземе во пресрет за жал на сите нас на огромниот дел од Македонските граѓани кои се наоѓаат во ситуација во каква што се наоѓаат, да се обидеме барем да го ублажиме оној притисок на семејниот буџет кој доаѓа поради цената на производите кои се врзани, или спаѓаат во категоријата за широка потрошувачка.

Исто така, од друга страна сакам да истакнам дека како антипод на ова тврдење сепак може би требаше да очекуваме претставник на Владата да ни соопштува што Владата има намера да преземе на следната, или на некоја од следните Владини седници, а не таа улога да ја има парламентарното мнозинство. Се разбира, не зборуваме за нивото самиот министер за економија, за труд и социјална политика или за финансии, но барем некој кој во името на Владата би го спротиставил владиниот концепт и зошто треба и понатаму најверојатно, според Владата зошто и понатаму ќе се опстојува на постојната висина на ДДВ, а зошто опозицијата греши. Во најмала рака е непристојно тоа да доаѓа од редовите па нека биде и од пратеник од редовите на Владиното мнозинство, затоа што кога ќе дојдат сметките граѓанинот никој од институциите ниту пак од инкасаторите не го прашува за кого гласал на последните избори, дали е член или не е член на некоја политичка партија, едноставно државата тогаш е максимално дисциплинирана и го бара тоа што таа мисли дека и следува. Да не зборуваме дека и од Министерството за економија, дури од самиот министер се кажува дека сивата економија пораснала за 40%, дека институциите на системот во иднина ќе бидат далеку поригорозни отколку што се сега. Но, за жал сето тоа на крајот завршува со некаква бркотница по градските пазари ширум земјава каде што во крајна линија главна жртва се луѓето

кои на тој начин се обидуваат да ја поправат својата финансиска состојба, својата и на семејството. Додека се разбира крупните манипулатори во таа дејност со изигрување на своите обврски кон државата остануваат далеку од очите на јавноста и воглавно можеме да се надеваме дека од време на време ќе завршат како вест на насловна страница или ударен телевизиски прилог како што впрочем се случи и со смената на одговорниот од Управата за јавни приходи. Значи, апсолутно мислам дека доколку има расправа понатаму по оваа точка треба да се фокусираме на тоа дека станува збор само за скромно ублажување исклучиво врз семејниот буџет на граѓаните на Република Македонија. Ние сме свесни дека не можеме да очекуваме дека тоа безмалку драстично би ја променило глобалната слика во поглед на економските состојби во земјава, но, сепак можеби тој мал чекор ќе придонесе да се произведат одредени иницијативи во догледна иднина, нека бидат тие и од самата Влада, но треба да ни биде јасно дека отворањето на трговски центар, или обидите преку разни агенции да воспоставиме некаква контрола, или да речам да востановиме берза на трудот во земјава и дека тоа ќе даде во скора иднина резултати, апсолутно не можам да се согласам. Единствено ние сме дојдени до таква критична точка да можеме да расправаме само за тоа како да ублажиме, да одложиме одредени последици кои многу скоро би резултирале во земјава за да добиеме како земја, значи со ангажман на сите институции без оглед дали станува збор за парламентот, владини, или државни агенции, да се направи нешто квалитетно различно од она што досега се преземаше од страна на Владата. И на крајот на краиштата воопшто не е страшно ако Владата ретерира во поглед на висината на данокот на ДДВ. Никој нема да биде премногу сериозен затоа што Владата направила погрешна проценка, напротив треба да се концентрираме дека ова би значело само ублажување врз семејниот буџет, затоа што ние и не можеме во овој момент да направиме ништо повеќе, едноставно да ја поправиме сликата во македонската јавност за односот во македонската држава и институциите на Република Македонија и мерките кои се преземаат. Не можеме да претендираме дека ќе ја смениме нешто сликата без оглед од која страна доаѓа овој предлог. Мислам дека овој предлог треба да биде прифатен, или во најмала рака да биде сериозно разгледан и да биде спротивставен со аргументи, зошто тоа не може. Апослутно мислам дека би биле неприфатливи аргументи од типот дека централниот буџет не може да функционира на тој начин, или дека ќе има сериозен одлив на средства, затоа што сериозен одлив на средства дури и според самиот министер за економија и министерот за финансии има сериозен одлив на средства.

Господинот Краљевски спомна дека повеќето земји се трудат и се водат од максимата дека пониски даноци, полесно полнење на Централниот буџет. Ние на овој начин како што сега е формулирана висината на ДДВ само ги погодуваме граѓаните на Република Македонија кои пак приморани во секојдневната борба за егзистенција за дополнување на семејниот буџет од друга страна се изложени на санкциите кои ги преземаат инструментите на соодветни управи, министерства, или воопшто што е и нивна обврска. Но, велам тие ни најмалку не се виновни за состојбата во која се наоѓаат, но за жал ја плаќаат највисоката цена.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-дино Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Пред нас денеска го имаме законот за изменување и дополнување на Законот за ДДВ. Овој закон е предлог на пратеничка група. Меѓутоа, сметам дека без разлика што е предлог на една пратеничка група заслужува целосно внимание на јавноста, заслужува респект од страна на позицијата и на Владата гледано од две појдовни точки.

Првата појдовна точка е практично она што Владата верувам дека сака да го направи, а тоа е да го сврти точакот кон развојот и зголемување на обемот на економијата во Република Македонија.

А втората појдовна точка е грижата за населението воопшто и намалување на степенот на сиромаштијата во Република Македонија.Кога зборуваме за овие две појдовни точки, јас би тргнал од две претпоставки. Кога настанаа првите промени во системот на ДДВ тогашното образложение практично и при носење на самиот буџет беше дека вкупно ќе има растеретување во Буџетот, односно од 19% треба да се намали на 18%. Додека како компензација повластената стапка која тогаш беше од 5% да оди на 18%. Она што беше изговорено и демонстрирано пред нас како пратеници, и пред народот беше дека на тој начин се оставаат повеќе средства до оние кои што  треба да инвестираат односно дека ќе останат средства кои ќе можат да ги реинвестираат и на тој начин да се прошири репродукцијата во Македонија и на тој начин евентуално да почне процесот на економско закрепнување. Меѓутоа, фактот, а тоа е искуствен факт дека после година ипол дена не само што немаме економски развој, туку имаме страшно дегенеративни процеси кои што почнуваат да добиваат едн акцелерантност која станува и драматична. По мене прв чекор би требало да биде прифаќање на овој закон од страна на Владата. Зошто го велам ова? Затоа што сметам дека импутите во производството кои што треба да се

реализираат би требало да бидат со намалена стапка за да на некој начин биде олеснето и производството и доаѓањето до финален производ да биде на некој начин поевтино, конкурентноста зголемена и со проширување на обемот на производството и покрај намалената стапка за одредени суровини кои што тука се предлага сметам дека ќе ги даде истите апсолутни вредности во Буџетот на Република Македонија, меѓутоа обемот на производството сигурно би се зголемил.

Втора работа која што сакам да ја согледам, а и на некој начин да ја презентирам и пред вас и пред јавноста се негативните ефекти кои што произлегоа од зголемувањето на ДДВ кај одредена таканаречена повластена категорија на производи. Во тие моменти кога беше донесуван тој закон, јас бев категоричен дека лековите воопшто медицинскиот потрошен материјал и се што е врзано во таа сфера би требало да остане на повластената стапка, затоа што Македонија и во тој период беше земја која што имаше релативно скапи лекови. Доколку некој од нас се прошета по пазарите денеска ќе забележи дека по тезгите покрај зеленчукот се продаваат и лекови кои што лекови се продаваат затоа што лековите во аптеките се значително зголемени по својата цена, и се понедостапни до самите пациенти, односно до оние на кои им се потребни. Денеска имаме ситуација нерегистрирани, непроверени лекови да бидат продавани буквално како зеленчук или овошје на пазарите, а тоа зборува, или оди во прилог на тезата, дека шверцот со лекови кај нас веќе постои. Меѓутоа, не е само шверцот на лекови, шверцот е и во сите други сегменти на производи кои што се од витален интерес за граѓаните и е значително зголемен. Во овој сегмент можеме да кажеме дека Македонија стана единствен првак во Европа, таа е прва земја во Европа по присутноста на сивата економија. Мислам дека со намалување на ДДВ од 18% на повластена стапка од 15% не ќе им се исплати на шверцерите да го прават тоа, дека сигурно ќе има некоја валоризација, или ефектуирање во доменот на економијата и намалување на таканаречената сива економија.

И последниот аргумент што сметам дека е важен, исклучително важен тоа е аргументот што кога зборуваме и како се дадени во членот 1 од овој закон, работите кои што треба да бидат намалени, артиклите, или воопшто услугите кои што треба да бидат намалени, сметаме дека е тоа во интерес и на граѓаните на Република Македонија, затоа што во зголемувањето на сиромаштијата која што е присутна кај нас и во трендот кој што е постојан, ова би бил еден мал придонес од нас како пратеници да можеме да им ја ублажиме состојбата на оние кои што се зависни од овие исклучително важни витални производи. Тука да не ги напомнувам сите, од

детергентите, потоа медицинските производи, производите за човекова исхрана итн. Сметам дека на овој начин би дале еден допринос, а вкупниот ефект во буџетот на Република Македонија мислам дека со зголемениот обем и реалната наплата на ДДВ во однос на намалената сива економија од една страна, како и заштедите кои што веќе ќе се реализираат со непродолжувањето на примената на законот за поттикнување на вработеноста кои за две годишна имплементација подразбираа од прилика две милијарди денари, дека нема да има оштетување на Буџетот. На овој начин сметам дека ние ќе покажеме добра волја, разбирање за населението од една страна, меѓутоа нема да го доведеме буџетот на Република Македонија во било каков дебаланс кој би можел да има реперкусии во функционирањето на државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г. Ѓорѓе Палошкоски.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги.

Република Македонија се наоѓа во исклучитуелно тешка економска состојба. Лошата економска состојба е секако одраз на отсуството на квлаитетна економска стратегија за Република Македонија , што веќе е загрижувачка работа. Република Македонија се наоѓа на дното на европските земји, по степенот на стопанската развиеност, производство и вработеност. Населението во Република Македонија секојдневно се соочува со проблемите од коегзистенционен карактер што директно влијае на нивниот животен стандард и секојдневното функционирање на општеството. Затоа и ние како законодавен дом сме најповикани, при донесувањето на законот.

Ако се види неповолната економска состојба, што секако е резултат на водењето на неквалитетна економска политика, би резимирале дека се пторебни радикални промени во законските решенија што ги регулираат областите од животниот приоритет на граѓаните. Токму тоа е и смислата на овој закон, кој како своја суштинска цел го има ублажувањето на тешката економска положба во која се наоѓа македонскиот граѓанин.

Со проширувањето на опфатноста на стапката се предлага менување на член 30 од постоечкио Закон за ДДВ. Со таквото проширување на овластената стапка на ДДВ, ќе се овозможи намалување и на цените на производите кои се неопходни за

животот на еден граѓанин, а кои се директно поврзани со подобрувањето на животниот стандард на граѓаните и приоритетен елемент за донесување на еден закон и подобрување на животната благосостојба, е основна рамка кон која треба да се креираат сите законски решенија кои во својата основа го имаат социјално-економскиот момент.

Зголемениот даночен товар на граѓаните, посебно на оние кои спаѓаат во слојот на граѓани кои претставуваат најзагрозен елемент на македонското општество, за Република Македонија претставува крајно несериозна и неаргументирана даночна политика. Зарем треба ѓраѓаните да бидат дополнително оптоварени со даноци кои директно ја влошуваат нивната социјална положба.

Повластената даночна стапка неминовно мора да се применува врз прометот и увозот на производите за човечка исхрана, основните производи од земјоделието, медицинските помагала, електричната енергија, лековите, детергентите и др.

Неминовно , опфатеноста на повластената стапка на ДДВ да се намали цената на производите кои се неопходни за секојдневен живот на граѓаните, намалување на цената на земјоделските препарати, јавниот превоз, медицинските помагала, електричната енергија, секако дека ќе ја олесни лошата социјална положба на населението во Република Македонија . Земјоделството во Република Македонија е сегмент кое има носечка улога за развој на стопанството. Знаеме дека земјоделието се наоѓа во незавидна состојба и замјоделците како граѓани на Република Македонија  се доведени во тешка социјална состојба, со фактите дека тоа се наоѓа во економски колапс, посебно што не е обезбедена повластена стапка за средствата за заштита на растенијата, ѓубривата, како минералните, така и хемиските, што има импликации врз покачување на нивната цена и покачувањето на цената на земјоделските машини. Всушност, областа на земјоделието во ниеден момент неможе да се согледа дека е привилегирана како клучна област за економскиот развој на Република Македонија . Затоа неминовно е да се обезбезбеди повластена стапка од 5%, врз прометот и увозот на основните производи за земјоделството, храната за животните, минералните и хемиските ѓубрива, средствата за заштита на растенијата. Исто така во областа на здравството треба да биде опфатена со повластената стапка за приоритетните производи. Имено, неопходно е да се обезбеди повластена даночна стапка за медицинскиот потрошен материја, бидејќи неговото значење за здравјето на граѓаните на Република Македонија е од големо значење. Сведоци сме дека здравството во Република Македонија се наоѓа во лоша состојба и постојано се соочува со дефицит од

медицински потрошен материјал. Навистина, нелогично е да се премолчуваат состојбите во македонското здравство, посебно проблемите кои директно ги загрозуваат интересите на населението кое мора да има солиден здравствен третман. Потребно е со повластената даночна стапка да бидат опфатени и лековите, ортопетските помагала, справите за востановување на функционални оштетувања, инвалидски колички и друго. Тие производи се клучни за подобрување на здравството кое има прироитетна улога во превенција и чување на здравјето на македонското населени. Свесни сме дека луѓето со нарушено здравје секојдневно се соочуваат со тие проблеми имајќи го предви фактот дека голем дел од тие лица се на работ на својата животна егзистенција. Навистина, крајно нехумано е за приоритетите, за зачувување на нивното здравје да не се обезбеди повластена стапка.

Повластената даночна стапка мора да ја опфати и електричната енергија, јагленот, брикетниот јаглен, огревно дрво, брикети од дрво, мазутот, гасот, греењето и разладувањето, со оглед на значењето што го имаат овие производи, како за стопанството во Република Македонија , така и за егзистенцијата на населението во Република Македонија . Потребно е и намалување на средствата за хигиена, како неопходни за животно функционирање, како хигиенски средства за мали деца, со оглед на фактот дека многу млади брачни парови неомжат да обезбедат средства за хигиена и исхрана за мали деца. Се поставува прашањето колку Република Македонија е способна да обезбеди олеснување на положбата на младите брачни парови. Како држава мораме да водиме позитивна младинска политика и во времето кога постои рапиден пораст на иселување на младите од Република Македонија .

Со предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за ДДВ, конкретно на членот 30 од постоечкиот Закон, пред се ќе се овозможи намалување на даночните оптоварувања на граѓаните. Навистина има потреба од намалување на даночните оптоварувања, заради подобрување на животниот стандард на населението. Затоа сметам дека пратениците треба да го поддржат овој Предлог закон, бидејќи е од суштинско значење за македонските граѓани а ние како нивни претставници должни сме да ги согледаме нивните проблеми и да работиме на нивно ублажување односон во нивна корист.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор.

Повелете г. Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и г. пратеници,

Денес имаме предлог од група пратеници за измена на законот за дополнување на Законот за ДДВ. Сигурно дека ова е интересно како предлог, затоа што, кога станува збор за некои теми кои директно ги засегаат граѓаните, нивниот живот, наши колеги пратеници не дискутираат многу. Обично дискутираме за човекови права, за задоволување на некои барања од етнички карактер, школство. Кога доаѓаат во Парламентот закони од делот на економијата, малку наши пратеници, не дали се стручни и кометентни, не сакаат да дискутираат и Парламентот се занимава со работи што на граѓаните веќе им е преку глава. Доста ги бомбардиравме граѓаните со една гола политика, секој ден им сервираме по некоја работа и на стејн-бајн, така да кажам ги одржуваме во живот. Ова го зборувам од една причина затоа што тоа што се дава како Предлог на закон, иако во нормативниот дел е даден еден член, она што значи повластена стапка од 5% да се врати, како што беше претходно, иако е зголемена од 5 на 18% , немаме некоја сопфатна анализа да видиме што тоа би значело во животот, конкретно, кои се борјките, кои се парите, бидејќи ова е дадено како законски проект, но мораме да се надоврземе натоа и да констатираме дека, ако е општ тренд во светот дека главните параметри во една држава, за развојот, се инвестициите, а ние знаеме оваа година, минатата година и многу години station наназад, нема странски инвестиции, за жал нема ни домашни, Владата треба да направи механизам, да овозможи намалување на даноците, што значи да направи стимулг сите граѓани да плаќаат даноци. Вака што правиме? Во дадениот момент ние толку многу ги оптоваривме граѓаните, па и фирмите , со тоа што и оние фирми кои беа способни да ги плаќаат придонесите и даноците, ги ставивме во ситуација да неможат да ги платат и се воведе еден тренд во Република Македонија , скоро сите фирми да кубурат со она што значи егзистенционален опстанок на фирмата. Едноставно ги нема парите, не се плаќаат придонесите, како за здравствено така и за пензиско осигурување, а да не зборуваме и за граѓаните.

Не би го делел мислењето со добар дел дискутанти дека со ова ние би направиле дисбаланс во Буџетот. Тоа не држи. Знаеме дека е најавено, за месе дена да правиме ребаланс на Буџетот, па би било добро и тогаш да продискутираме затоа што, обично кога немаме одговор на некое прашање што значи подобрување на животниот стандард на граѓаните, одговорот го бараме кај ММФ и Светска банка. Тоа не држи, затоа што оваа приказна ја слушаме со години, уште некаде 1990,

1994,1996,1998, 2000-та година, нон стоп ни сервираат тука, е ова неможе затоа што не сме се усогласиле со ММФ.Светска банка и ММФ не ги интересира ова. Тие секогаш викаат вие имате рамка, имате Буџет , тоа што е внатре во Буџетот можете да правите распределба, да собирате, да зголемувате, да намалувате даонци. Ова го зборувам од причина што и она што функционираше во државата, она што може да функционира, што независи, да не зборуваме за горливиот пат во стопанството каде се цени некаде 45% , што е страшно, што треба да ја загрижува државата.

Зборуваме за земјоделието. Државата не обезбеди механизам да ги стимулираме земјоделците, на земјоделците не им обезбедивме, кредити, премии , не им обезбедивме 5% повластена стапка, почнувајќи од делот на минерални ѓубрива да се спуштиме надолу до некои најосновни работи, еве ќе рече некој, па и смешно е, и најлонот за тутунот, зарем и тоа е важно? И тоа е важно кај земјоделците и тн. Ние ги оставивме сами да се снаоѓаат. Ќе преживеат во оваа држава фирмите кои се ориентирани извозно и нешто во земјоделието. Она другото, стопанството има тренд на опаѓање.

Сигурно овој даден проект од група пратеници што се предлага повластената стапка од 5% да се намалат производи за човекова исхрана, освен она што значи алкохолни и безалкохолни пијалоци, основни производи на земјоделнието, рибарството пчеларството, храна за животни, вода, електрична енергија. Да не зборуваме што значи електирчна енергија во делот на сверата на комуналиите. Има најава дека е можно ново зголемување на електрична енергија и ова што значи зголемување на ДДВ , значи ново оптоварување. Во дадениот предлог се кажува да се врати стапката на 5%, што значи да се направат некои олеснителни околности кај граѓаните, бидејќи знаеме во каква состојба живеат граѓаните во Република Македонија во овој момент. Знаеме дека општ тренд во државата е зголемувањето на невработеноста и ова што нудиме, еве нудиме некои поволности, бенифиции не нудиме да се отворат нови фирми. Нема инвестиции. Се затвора кругот на оние фирми кои се добро стоечки и сите на некој начин преживуваат. Доведени сме во една ситуација и Парламентот треба сериозно да продискутира за овие работи, иако знаеме каков ќе биде резултатот. Знаеме дека актуелната власт нема да сака да го поддржи овој проект од причини дека Буџетот неќе може да се полни. Но ние мораме да продискутираме за она што ги тангира граѓаните, оние кои треба да го полнат Буџетот. Ако ние, на тие кои треба да го полнат Буџетот не им дадеме олеснителни околности, да не очекуваме дека буџетот ќе ни се полни, одиме во уште полоша

перспектива, со тоа што и оние кои можеа да го полнат буџетот, и оние фирми кои беа рентабилни, кои мислеја да прават развој и производство се намалуваат, така што сме доведени во ситуација, и онаа проекција што е дадена во буџетот, нема да се исполни. Затоа, кога требаше тука да дискутираме за буџетот за 2004 година, кога требаше да ги кажеме оние параметри, оние негативи, не да се свати тоа како опструквија, туку една позитивна критика, законодавецот да оди право, да се свати дека се води лоша политика. Ова го зборувам затоа што натаму, без разлика ние што ќе дискутираме во Парламентот, ако стопанството има општ тренд на опаѓање, ако животниот стандард на граѓаните е во таква ситуација, како што е во моментот, критична и ако одиме на влошување на целата состојба, ние колективно носиме одговорност, како Владата така и Парламентот. Од овие причини, и овој закон , еве нека биде стимул, во Парламентот да дискутираме повеќе за закони што значат живот за граѓаните. Ние едноставно бегаме од овие теми.

Јас ќе ги провоцирам моите колеги албанци, кога доаѓаат на дневен ред вакви економски закони, не сака никој да дискутира. Ние обично дискутираме човекови права. Во ред, еве и човекови права, за јазикот, ова што го дава Европската конвенција за човекови права. Меѓутоа, ние не дискутираме за законите кои значат живот. Граѓаните во оваа држава од нас очекуваат, па нека биде и популистички, нека биде и маркетинг, луѓето сакаа да слушнат што размислуваат политичките партии, да видиме што може да се направи. Нека има и несогласувања, нека има и различни видувања за еден ист законски проект, сигурно дека на крајот ќе се усогласиме дека состојбата во државата ни е критична. Моралие да дискутираме за ова. Мора тоа да се свати како некој позитивен импулс, да ги отвориме картите. Не треба да ги залажуваме граѓаните со лажни прикасни на телевизија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине  Даневски скршнавте од патот за законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не, патот е скршнат многу порано господине претседателе.

Јас сакам да го исправиме патот, оти одиме по најдолг пат и тоа е многу лошата работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тогаш за законот продолжи ја дискусијата.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Да за законот .Чекајте, пополека.

Кога станува збор за законот, дали вие шетате по улици? Не шетате сега како претседател. Порано ако шетавте, ќе ви дојдат пензионери и ќе ви речат: Љупчо, лековите кај се, ги поскапија. Сега ве гледаат вас како претседател, се возите во “Мерцедес”, но сега да излезете на улица ќе ве сретнат вас и ќе ви речат: лековите - не од позитивната или негативната листа, туку ги нема, едноставно ги нема. Во болниците се прави растур систем. Еве во овој Предлог закон за 5% се бара, почнувајќи од она што значи, вата, газа, завој и слични производи, стерилни хируршки катетри и други стерилни материјали, хируршки завои, односно заштита на рани - тука се наброени многу ослободувања во делот на медицинскиот потрошен материјал, што би значело едноставно побрзо набавување, за да не се случува како што велат докторите дека ако има закон за јавни набавки, јас морам да набавам. Мора да набави човекот затоа што скапи се овие работи и мора да набави стентови. Да беше друг ќе му поднесеа кривична пријава, но така ти е ова, не важи за еден, за друг.

Она што се дава во делот на повластената стапка од 5% за да се врати, сигурно дека и превозот на лица, опремата на отпадни услуги, одржувањето на јавната чистота, услуги на адвокати, нотари, сметководители и ревизори, сигурно дека сите овие категории на некој начин се “удрени”. Јас би се фокусирал и би дал тежина на тоа да размисли законодавецот, да размисли Владата, да направи олеснување, да има лекови, да има лекови на позитивната листа, да се намалат, да не бидат скапи. Она што беше тогаш позитивна и негативна листа - сите лекови се на онаа така наречена негативна листа и сите, ако немаат пари, не можат да купат лекови.

Друго мое размислување во насока на намалување е во делот на земјоделството. Повторувам и се враќам пак назад, мора ние да обезбедиме намалување на ДДВ, затоа што кога беше 5% земјоделците некако преживуваа. Сега не може ни да преживеат. Ова што го слушаме денес по весниците, не сакам да верувам и не сакам да судам како некои пратеници додека не се докаже. Нам ни се наметнува нова афера како таква. Ова ме потсетува на 1997 година, перењето на ДДВ, правењето фиктивни фирми и оваа госпоѓа што е компетентна синоќа се јави во средствата за информирање, директорката на Управата за јавни приходи и кажа дека се одлеани или е испран капитал за стотици милиони евра. Ова е сериозна

работа во државата, затоа што на многу перфиден и софистициран начин се испрани стотици милиони евра. Државата, односно Владата треба да поведе сериозно сметка. Не прејудицирам дека тоа е организиран криминал додека не се докаже, ама народот вели така е.

На крајот би завршил, мислам дека би било добро ова што значи повластена стапка од 5% да се врати и да направиме даночните олеснувања да бидат поттик за нови фирми, за нови пласмани. Да направиме поттик да се јават нови инвеститори не само странски туку и домашни, да ги стимулираме. Со оваа даночна стапка од 18%, и они што сакаат да инвестираат ги бркаме.

Во тој контекст би го поддржал овој законски проект, со тоа што повластената стапка на ДДВ од 18% би се намалила на 5%.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Даневски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и ги молам пратениците што се надвор да влезат во салата, а службите да го констатираат бројот.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ќе причекаме уште 2-3 минути. Ги молам пратениците да влезат во салата.

Не, немам да дадам пауза, бидејќи изгледа кампањата почна.

Бидејќи немаме кворум, а веќе 5 минути чекам, ја прекинувам оваа седница, а дополнително ќе бидете известени кога ќе се продолжи.

Само да ве информирам дека сега потпишав решение за итна седница како Педесет и осма седница во четврток во 10,00 часот, на која треба да се разгледува Предлог одлука за правила за рамноправен пристап во медиумско претставување за избор на претседател на Република Македонија во 2004 година. Според Законот должни сме во рок од 48 часа да го разгледаме. Мислам дека денес ви е поделен материјалот.

(Седницата прекина во 15,05 часот).